2026
ЈАНУАРИ— МАРТ

Год. 102, бр. 1.

**Библиски лекции**



# НАЈИСТАКНАТИТЕ ПОУКИ ОД МАЛИТЕ ПРОРОЦИ

Небесни пораки од минатото,
важни и денес.

1. Нежниот, љубовен повик на Осија ..... 5
2. Време на пресметка ..... 10
3. Подготовка во надеж ..... 15
4. Чување на Божјата милост ..... 20
5. Јоил – посветен гласник ..... 26
6. Амосов повик на подготовка ..... 31
7. Силата во покајанието ..... 36
8. Божјиот план за обнова ..... 41
9. Веќе знаеме што треба да направиме ..... 46
10. Почит кон Сезнајниот ..... 52
11. Ревносни во прославувањето на Бога ..... 57
12. Настани на последното време ..... 62
13. Последниот повик на Малахија ..... 67

**Библиските лекции** претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, засновано исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени за полесно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.

Издавач: Seventh Day Adventist Reform Movement, General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA

За Македонија: Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден, Моше Пијаде 85 - 1300 Куманово
е-маил: asdrdmk@gmail.com
Интернет: www.rdasd.mk
Библијски превод: Стандардна Библија 2006.
Превод: Часлав Дичевски
Одговорен уредник: Часлав Дичевски
Печати: Гераком, Скопје

# Предговор

Иако ги нарекуваме „мали“ пророци, нивната порака не е безначајна!

Така се нарекуваат едноставно затоа што книгите што ги напишале се пократки.

Сепак, овие содржајни пораки се силни, директни и многу значајни и денес. Затоа, учениците на Саботното училиште ширум светот во текот на следните три месеци ќе го насочат своето внимание кон „Најистакнатите поуки од малите пророци“, како навремена духовна инвестиција во нашата подготовка за крајот на времето на милоста и Христовото враќање.

Малите пророци не носат благи и лесни пораки. Не, нивните зборови сечат како секира поставена кај самиот корен на дрвото. „Бог не испраќа гласници за да му ласкаат на грешникот. Тој не испраќа вест на мир, за со кобна сигурност да ги успие непосветените. Тој става тешки товари на совеста на престапникот и ја прободува душата со стрели на убедување.“ *—Копнежот на вековите, 104*.

„Бог отсекогаш бил верен во казнувањето на злото. Тој ги испраќал Своите пророци за да ги предупредат виновните, да ги разобличат нивните гревови и да го објават Неговиот суд врз нив. Оние што се прашуваат зошто Божјото слово ги изнесува гревовите на Неговиот народ толку отворено — за да станат предмет на потсмевање на безбожниците и на жалење кај светите — треба да сфатат дека сето тоа е запишано за нивна поука, за да ги избегнат злото и примерите на неправда што се спомнати, и да ја следат само праведноста на оние кои му служеле на Господа.“ *— 4. Сведоштво, 12*.

„Дури една погрешна црта на карактерот, една грешна желба што се негува, на крајот ќе ја неутрализира сета сила на евангелието. ја неутрализира сета сила на евангелието. Надвладувањето на грешната желба открива заблуда во душата. Секое попуштање на таквата желба ја засилува одвратноста на душата кон Бога. Неволите во вршењето на должноста и насладите на гревот се јажињата со кои сатаната ги врзува луѓето во своите замки. Како верни ќе се покажат само оние што попрво би умреле отколку да направат нешто погрешно.“ *— 5. Сведоштво, 53.*

Малите пророци го повикувале Божјиот народ да биде буден, да го разбере Неговото провидение и да го прифати Неговото дело во своето срце. Тоа е токму пораката што и ние треба да ја слушнеме.

„Браќа, вам на кои им беа откриени вистините на Божјата Реч, каков удел ќе имате во завршните сцени на историјата на овој свет? Дали сте свесни за таа сериозна стварност? Го сфаќате ли големото дело на подготовка кое се врши на небото и на земјата? Сите оние кои ја примиле светлината, кои имале прилика да ги слушнат и читаат пророштвата, треба особено да ги имаат на ум зборовите: „зашто времето е близу”. Сега никој нека не си поигрува со гревот изворот на сите страдања во овој свет. Не останувајте подолго во летаргија и тапа рамнодушност. Не ја оставајте во неизвесност судбината на својата душа. Треба да бидете сигурни дека се наоѓате на Господовата страна.“ *— 6. Сведоштво, 404*.

Нека Бог нè води во проучувањето на овие лекции!

*Одделот за Саботна школа при Генералната конференција*



## ДАР ВО ПРВАТА САБОТА

Сабота, 3 јануари 2026.



# За централата во Сигуатепека, Хондурас

Хондурас е втората по големина држава во Централна Америка. Со територија од 112.492 km$^2$ (43.433 квадратни милји), земјата е сместена во нејзиниот средишен дел и се граничи со Гватемала, Ел Салвадор и Никарагва. На југ излегува на Пацифичкиот Океан преку Заливот Фонсека, а на север се допира со Хондураскиот Залив — голем залив што претставува ракав на Карипското Море. Од вкупно 10,8 милиони жители, 48,7% се католици, 41% протестанти, 8% се атеисти, агностици или не припаѓаат на никаква религија, а 3% следат други верски уверувања. Официјален јазик е шпанскиот, а земјата најмногу извезува земјоделски производи, по што следува извозот на електронска опрема.

Веста на РДАСД пристигнала овде во шеесеттите години од минатиот век, со посетата на нашите браќа Силвестре Кабанилјас од Перу и Фелипе Гарсија од Аргентина. По многу години труд, веста се проширила до таа мера што во 2016 година била организирана Хондураската унија, составена од три полиња со вкупно 542 членови и приближно 700 редовни посетители кои често присуствуваат на богослужбите.

Бидејќи некои од нашите згради во централата на полето и унијата се стари, со текот на годините почнаа да пропаѓаат. Некои останаа недовршени, а едно од нашите полиња сè уште нема административна централа. Вложивме големи напори за да обезбедиме соодветен простор за нашите канцеларии, сали за состаноци на нашите конференции и за функционирањето на нашето мисионерското училиште, во согласност со делото што напредува. Затоа ви се обраќаме со повик на дарежливост, за заедно да го оствариме нашиот сон — да имаме централа што ќе функционира како светилник на вистината, место каде што многумина со благодарност ќе можат да дојдат и да Го запознаат Исус.

Господ нè поттикнува на заемна соработка во реализирањето на проектите во Неговото дело, како што му заповеда и на Мојсеј: „Кажи им на синовите на Израел да Ми соберат прилози: земете прилог кој од драго срце Ми дава“ (Излез 25:2). Посветеноста кон Бога и духот на пожртвуваност беа првите услови за изградбата на живеалиштето на Севишниот. Целото собрание одговори еднодушно: „И доаѓаа сите кои срцето ги влечеше и душата ги поттикнуваше; доаѓаа, носејќи принос на Господ – приноси за уредување на скинијата“ (Излез 35:21).

Ви благодариме однапред за вашата дарежлива помош во овој проект. Нека Бог обилно ве благослови.

*Вашите браќа и сестри од Хондурас*

# Нежниот, љубовен повик на Осија

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „И ќе те свршам за Себе во верност и ти ќе Го познаеш Господа“ (Осија 2:20).

**Предлагаме да прочитате:** *6. Сведоштво, 404–410.*

„Сега, додека сè уште одекнува нежниот повик на милоста, додека сè уште не е предоцна да се исправат грешките — денес, додека повикот сè уште се упатува — ако го чуете Неговиот глас, не ожесточувајте ги своите срца.“ — *Counsels on Stewardship, p. 99*.

## 1. СЕРИОЗЕН ПОВИК НА БУДЕЊЕ

Недела, 28 дек

**а. Опишете го тешкиот живот на Божјите пророци. Јаков 5:10.**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Оние на кои Бог им доверил важни одговорности не биле воспитувани во удобност и раскош; благородните пророци, водачи и судии што Бог ги поставил биле луѓе чиј карактер се изградувал преку сурови животни околности.“ – *The Signs of the Times, February 19, 1880.*

**б. На кој начин Бог му го прикажа на Осија Својот однос со Неговиот неверен народ? Осија 1:1–9; Еремија 3:14 (спореди со 2. Коринтјаните 11:2).**

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

_______________________________________________________________________

„Во Библијата светиот и траен карактер на односот меѓу Христа и Неговата црква се прикажува со брачна врска. Господ Својот народ го соединил со Себе со свечен завет и ветил дека ќе биде негов Бог, а народот се обврзал дека ќе му припаѓа Нему и само Нему...

Неверството на црквата кон Христа се споредува со браколомство кое се јавува кога таа својата доверба и љубов ги пренасочува од Господа кон светот - кога нејзината душа ја проникнува љубов кон светот. Гревот на старозаветниот Израел во оддалечувањето од Господа е прикажан токму со таа илустрација.“ – *Големата борба, 381.*

**а. Откако го објави судот, какво ветување полно со надеж му даде Бог на Израел? Осија 1:10.**

_______________________________________________

„Бог во својата милост и доброта е толку сеопфатен, што е во состојба да ги измени срцата и на Евреите и на незнабошците и секому, кој верува во Христа, Тој му ги дава благодатите ветени на Израел... И како што прорече Исаија: 'Ако Господ над војските не ни оставеше потомство, ќе бевме како Содом и ќе заприлегавме на Гомор...'

И покрај страшната пресуда, 'Крвта негова нека падне врз нас и врз нашите деца', изречена над еврејскиот народ во времето кога го отфрлиле Исуса Назареќанецот, од столетие во столетие живееле многу благородни, богобојазливи Евреи и Еврејки кои страдале молчејќи. Бог ги тешел во неволјите и ги сожалувал во нивната тешка состојба. Ги слушнал болните молитви на оние што го барале со сето срце, сакајќи правилно да ја сфатат Неговата реч. Некои биле осведочени дека кроткиот и понизен Назареќанец, што го отфрлиле и го распнале нивните предци, навистина е вистинскиот Израелов Месија. Кога ја сфатиле смислата на познатите пророштва, која толку долго била затемнета со традициите и со погрешно толкување, нивните срца биле исполнети со благодарност што Бог му го подарил неискажливиот дар на секое човечко суштество што го прима Христа како личен Спасител.“ – *Делата на апостолите, 379.*

**б. На кој начин апостол Павле ја повторува оваа утешна вистина? Римјаните 9:25–27.**

_______________________________________________

„Кога тоа евангелие во сета негова полнота би им се прикажало и на Евреите, мнозина би го примиле Христа како Месија. Меѓу христијанските проповедници мал е бројот на оние што се чувствуваат повикани да работат за еврејскиот народ, но пораката на милоста и надежта во Христа ќе стигне до сите што често биле запоставени.

Во завршната фаза на објавувањето на евангелието, кога треба да се изврши посебно дело за оние кои до тогаш биле занемарени, Господ очекува од своите весници да му посветат посебно внимание на еврејскиот народ кој се наоѓа во сите делови на светот...

Меѓу Евреите има луѓе кои, слично на Савле Таршанецот, се силни познавачи на светите списи и тие со чудесна сила ќе ја објавуваат непроменливоста на Божјиот закон. Бог Израелов ќе стори тоа да се случи во последните денови. Божјата рака не се скусила за да не може да спаси. Ако неговите слуги со вера се залагаат за оние што долго биле занемарени и презрени, ќе се открие неговото спасение“ – *Делата на апостолите, 380,381*.

## 3. НА БУНТОВНИТЕ И ЗЛИТЕ



**а. И покрај сериозното духовно пропаѓање на Неговиот народ, каков нежен повик им упатува Бог? Осија 2:14.**

„И денес е вистина, како што било и за време на Христовиот живот на Земјата, дека секој продор на евангелието во областа која се наоѓа под контрола на непријателот наидува на жесток отпор од неговата огромна војска. Борбата која непосредно ни претстои ќе биде најужасна борба која некогаш е доживеана. Но, иако сатаната се прикажува како многу моќно суштество и како силен воин, тој ќе биде потполно победен и со него ќе пропаднат сите оние кои се обединиле со него, одлучувајќи се за отпадништво, наместо верност кон Бога.

Од светот веќе се повлекува Божјиот Дух кој го задржува злото. Едни по други брзо наидуваат урагани, бури, пожари и поплави, несреќи на море и на копно. Науката настојува да ги објасни овие работи. Знаците кои се натрупуваат околу нас, кои го најавуваат скорото доаѓање на Божјиот Син, се припишуваат на сѐ друго, само не на вистинската причина. Луѓето не ги забележуваат ангелите стражари кои ги задржуваат четирите ветра за да не дуваат сѐ додека Божјите слуги не бидат запечатени. Но, кога Бог ќе им нареди на Своите ангели да ги пуштат ветровите, тогаш ќе дојде до таква судир кој ниту едно перо не може да го опише...

Кога би можела да се подигне завесата, кога би можеле да ги сфатите Божјите цели и казни кои наскоро ќе се срушат на овој осуден свет, кога би го увиделе својот сопствен став, вие би сте се уплашиле и затрепериле за своите души и за душите на своите ближни. Би упатувале кон небото сесрдни молитви со болка која го раскинува срцето. Би плачеле помеѓу тремот и жртвеникот, признавајќи го своето духовно слепило и отпадништво.“ – *6. Сведоштво, 407,408.*

**б. Како нашиот прекрасен Бог може да ни даде нов почеток, подарувајќи ни надеж и покрај наследството обележано со грев? Осија 2:15; Псалм 130:7,8.**

„Боже, биди милостив! Зошто оние што се совладани од злото не покажат покајание соодветно на големината на својот грев и не дојдат кај Христос по милост и, колку што е можно, да ги исцелат раните што ги предизвикале?“ – *The Review and Herald, March 24, 1868.*

„Без оглед колку и да е слаб грешникот, без оглед колку и да се големи или многубројни неговите престапи, Спасителот ќе го прифати. Христос го љуби секој член на човечкиот род; зашто сите ги откупил со висока цена — и тоа каква цена.“ – *The Review and Herald, September 3, 1903*.

**а. Опишете ја подлабоката врска и посветеност што душата ќе ја има со Бога кога искрено ќе се покае и ќе се одврати од своите грешни патишта. Осија 2:16,17.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„’Во оној ден говори Господ ти ќе ме викаш: Мажу мој, а веќе нема да Ме викаш: Ваале мој (господару мој). Затоа што јас ќе и ги отстранам од устата нејзина ваалските имиња, и веќе нема да им ги споменува имињата’ (Осија 2:14-17).“ – *Пророци и цареви, 298.*

**б. Како ќе се исполни ова пророштво за духовна обнова во нашево време? Осија 2:18–20.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Во последните денови од историјата на светот Бог ќе го обнови заветот со народот кој ги држи Неговите заповеди.“ – *Пророци и цареви, 299*

„Додека милоста уште се задржува, додека Спасителот се залага за нас, треба да се подготвиме за вечноста.“ – *6. Сведоштво, 405*.

**в. Според Осија и Јован, на која основа денес стануваме Божји народ? Осија 2:23; Јован 1:12.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Посетувајте ги своите соседи и покажете интерес за спасението на нивните души. Посветете се на делото со сите свои духовни сили. Кажете им на оние кои ги посетувате дека крајот на сите нешта се приближил. Господ Исус Христос ќе ја отвори вратата на нивните срца и ќе направи тоа да остави траен впечаток врз нивниот ум.

Настојувајте мажите и жените да ги разбудите од нивната духовна нечувствителност. Зборувајте им како сте го нашле Исуса и каков благослов претставува за вас искуството кое сте го добиле во Неговата служба. Кажете им каков е благословот да се седи крај Исусовите нозе и да се учи од драгоцените поуки на Неговата Реч. Зборувајте им за радоста и среќата кои се наоѓаат во христијанскиот живот. Вашите топли и усрдни зборови ќе ги убедат дека вие сте нашле скапоцен бисер. Со своите бодри и охрабрувачки зборови осведочете ги дека навистина сте го нашле повозвишениот пат. Тоа е вистинска мисионска работа и ако така ја вршиме, ќе разбудиме мнозина од сон.“ — *9. Сведоштво, 38*.

## 5. ПЛОДОВИ НА ВЕРАТА

Четврток, 1 јан

**а. Опишете го славниот исход што наскоро ќе го доживеат сите што со цело свое срце ќе го прифатат последниот Божји повик. Осија 3:4,5.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Десетте племиња, кои толку долго биле непокорни и не сакале да се покајат, не добиле ветувања дека ќе си ја повратат својата некогашна власт во Палестина. Требале до крајот на светот да бидат „туѓинци помеѓу народите”. Но преку Осија им е укажано на предноста да земат учество во последната обнова која Божјиот народ ќе ја доживее на крајот од земската историја, кога Христос ќе се појави како Цар над царевите и Господар над господарите. Пророкот рекол дека десетте племиња ќе бидат ‘долго време без цар, без кнез и без жртви, без жртвеник, без ефод и без јавување’. ‘Потоа’, продолжил пророкот: „Израеловите синови ќе се вратат; ќе Го бараат Господа, својот Бог, и Давида, својот цар, со страв ќе им пристапуваат на Господа и на Неговите добрини на крајот на деновите”. (Осија 3:4,5).

Осија со јазикот на симболите го изложил пред десетте племиња на Израел Божјиот план за спасение на секоја душа која ќе се покае и ќе и пријде на Неговата црква на земјата благодети кои му биле ветени на Израел во времето на неговата верност кон Бога во ветената земја.“ – *Пророци и цареви, 299*.

„‘И ете, во тој ден Израеловиот остаток и спасените од домот на Јаков... ќе положат надеж во Господ, Светецот Израелов’ (Исаија 10:20). Во секое ‘племе и колено, јазик и народ’ има луѓе кои радосно ќе одговорат на веста: ‘Имајте страхопочит кон Бога и подајте Му слава, зашто настапи часот на Неговиот суд’. Тие ќе ги отфрлат сите идоли кои ги врзуваат за земјата и ќе му се поклонуваат на ‘Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори’. Ќе се ослободат од сите врски и ќе стојат пред светот како споменици на Божјата милост. Послушни на божествените барања, тие ќе бидат признаени од ангелите и луѓето како оние ‘што ги пазат заповедите Божји и верата во Исус’ (Откровение 14:6,7,12).“ – *Пророци и цареви, 299,300*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 2 Јануари

1. **Како Бог ја прикажува болката што ја чувствува поради нашата непослушност?**
2. **Која порака во Осија го открива Божјото огромно трпение?**
3. **Како Бог се однесува кон оние што згрешиле против Него?**
4. **Каков резултат може да произлезе од мојата работа со луѓе чии плодови јасно покажуваат дека се далеку од Бога?**
5. **Како мојот живот навистина може да биде споменик на Божјата милост?**

# Време на пресметка

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Мојот народ гине што нема разум“ (Осија 4:6, прв дел).

**Предлагаме да прочитате:** *2. Сведоштво, 604–609*.

„Престапот на Божјиот закон повлекувал со себе исти последици во сите времиња.“ — *Пророци и цареви, 297.*

## 1. МНОШТВО ИЗОПАЧЕНОСТИ

Недела, 4. јануари

**а. Иако Бог долго време упатувал порака на милоста, што уште Му заповедал на Осија да објави — нешто што ќе се повтори повеќепати во човечката историја? Осија 4:1.**

„Така и Израеловиот народ поклонувајќи се на Ваал и Астарота, оддавајќи најголема почит на природните сили, ги раскинал сите врски со сето она што воздига и облагородува, и станал плен на искушенија.“ — *Пророци и цареви, 281*.

„Но, ‘пладнето на папството претставувала полноќ за светот’ (J. A. Wylie, The History of Protestantism, b. 1, ch. 4). Библијата речиси била непозната, и тоа не само за народот, туку и за свештениците. Слично на фарисеите во старо време, папските водачи ја мразеле светлината која ги откривала нивните гревови. Бидејќи Божјиот закон кој претставува стандард за правдата бил отстранет, тие имале потполно неограничена власт и се оддавале на порокот без никакво воздржување. Измамата, лакомоста и расипаноста преовладувале. Луѓето не се плашеле пред ниедно злосторство кое би можело да им донесе богатство или положба. Палатите на папите и бискупите биле сцени на најодвратен разврат. Некои поглавари на црквата, дури и на папскиот престол, се оддавале на толку одвратни злосторства што светските владетели се обидувале да ги соборат овие црковни великодостојници како чудовишта премногу гнасни за да можат да се толерираат. Со векови Европа не можела да има никаков напредок во науката, уметноста или цивилизацијата. Во христијанството владеела морална и интелектуална парализа. Состојбата на светот под римската власт претставувала страшно и впечатливо исполнување на зборовите на пророкот Осија: ‘Мојот народ гине: нема знаење; зашто ти го отфрли знаењето, и Јас те отфрлам тебе... зашто го заборави Законот на својот Бог, и Јас ќе ги заборавам твоите синови’. ‘Нема веќе верност, нема милост, нема познавање Божјо на земјата, туку проклетство и лага, убивање и кражба, прељуба и насилство, една крв ја стигнува другата’ (Осија (4:6,1,2). Такви биле резултатите од отфрлањето на Божјото слово.“ — *Големата борба, 60.*

**а. Како вознемирувачката порака на Осија ги спомнуваше одредените гревови што Бог ги мрази — и како тоа одекнува сѐ до нашево време? Осија 4:2; Лука 17:26,27.**

______________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Израеловото беззаконие во текот на последната половина од векот што му претходел на асирското ропство било слично со беззаконието во Ноевото време, како и во сите други векови кога луѓето го отфрлале Бога и се препуштале целосно на злото. Возвишувањето на природата над Богот на природата, обожувањето на созданието наместо Создателот, секогаш резултирало со најголеми зла... Бидејќи била срушена одбраната на душата, заведените поклоници немале повеќе никаква заштита од гревот, и се предале себеси на злите страсти на човековата природа.“ — *Пророци и цареви, 281,282.*

„Христос многу јасно видел каква ќе биде состојбата на општеството во иднина. Тој видел дека себичноста ќе преовладува меѓу мажите и жените. А што е со брачните односи денес? Зар тие не се изопачени и расипани, исто како во Ноевото време? Во дневните весници постојано се пишува за бројни разводи. Тоа е токму оној брак за кој зборува Исус кога вели дека луѓето пред потопот ‘се женеле и се мажеле.’“ — *Manuscript Releases 7, 56.*

„Токму овој грев — развратот — преовладувал во стариот Израел, што довело до јасно изразување на Божјото незадоволство. Божјите судови уследиле веднаш по нивниот тежок грев. Илјадници луѓе загинале, а нивните осквернети тела биле оставени во пустината.“ — *A Solemn Appeal, p. 142.*

**б. Наведете некои од горчливите последици што произлегуваат од побуната — и големите благослови што ќе ги пожнеат оние кои се покоруваат на Божјата волја. Осија 4:3–5; Јован 17:3.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Господ им ги дал заповедите на Својот народ за да можат, преку нивната послушност, да го зачуваат своето телесно, умствено и морално здравје. Тие требало да живеат во послушност; но смртта е сигурна последица на непослушноста кон Божјиот закон.“ — *Fundamentals of Christian Education, p. 413*.

„Оној што ќе го избере патот на непослушност кон Божјиот закон, самиот ја одредува својата вечна судбина; тој сее во телото и ја жнее платата на гревот — дури и вечно уништување, спротивно на вечниот живот. Покорноста кон Бога и послушноста на Неговиот свет закон ќе донесат сигурен и благословен плод: ‘А животот вечен е тоа, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исус Христос.’“ — — *Fundamentals of Christian Education, p. 376*.

**а. Зошто е толку важно секој од нас сериозно да внимава на секој зрак светлина што Бог милостиво ни го дава? Осија 4:6.**

„Зборовите што му ги упатил Бог на некогашниот Израел содржат свечена опомена за денешната црква и за нејзините водачи. За Израел Господ рекол: ‘Му напишав важни закони, но тој ги сметаше за туѓи’ (Осија 8:12). На учителите и свештениците им рекол: ‘Мојот народ гине што нема разум, зашто ти си го отфрлил разумот, и Јас ќе те отфрлам од Моето свештенство; бидејќи го заборави законот на својот Бог, и Јас ќе ги заборавам децата твои’ (Осија 4:6).

Дали овие Божји опомени ќе останат незабележани? Смеат ли можностите и приликите за служба на Бога да поминат неискористени? Дали подбивите што доаѓаат од светот, интелектуалната гордост, наклоноста кон човечките обичаи и традиции, ќе ги задржат таканаречените Христови следбеници да не стапат во Христова служба? Дали и тие ќе ја отфрлат Божјата реч како што еврејските водачи го отфрлиле Христа? Последиците на гревот на Израел ни се познати. Дали денешната црква ќе го прифати предупредувањето?“ — *Христовите поуки, 306.*

**б. Објаснете ја опасноста од отфрлањето на Светиот Дух. Матеј 12:31, 32.**

____________________________________________________________________

„Опасно е да се изговори и еден збор на сомневање; опасно е да се доведува во прашање и да се критикува божествената светлина. Навиката за лесномислено критикување без стравопочит влијае врз карактерот, затоа што поттикнува недостаток на стравопочит и неверие. Човекот кој се препушта на таквата навика несвесно тргнува по опасен пат и на крај станува подготвен да го критикува и отфрли делото на Светиот Дух.“ — *Копнежот на вековите, 323*.

„Бог преку Својот Дух дејствува на човечките срца, но кога луѓето намерно Го отфрлаат Духот и изјавуваат дека Тој доаѓа од сатаната, ја прекинуваат врската преку која Бог може да општи со нив. Одрекувајќи се од доказите што Бог милостиво им ги дал, тие ја отфрлаат светлината што светела во нивните срца и, поради тоа, остануваат во мрак. Така се исполнуваат Христовите зборови: ‘Ако светлината што е во тебе е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?’ (Матеј 6:23). Некое време оние што ќе го направат овој грев можат надворешно да изгледаат како Божји деца, но кога ќе настапат околности што го откриваат вистинскиот карактер и дух, ќе се покаже дека се наоѓаат на страната на непријателот и стојат под неговото црно знаме.

Драг брате, Божјиот Дух те повикува денес — пријди Му на Исуса со сето свое срце. Покај се за гревовите, исповедај Му се на Бога, одречи се од беззаконието, и ќе имаш право на сите Негови ветувања. Неговиот милосрден повик гласи: ‘Кон Мене обратете се, и ќе бидете спасени’ (Исаија 45:22).“ — *5. Сведоштво, 634*.

**а. Како Бог често ја опишувал состојбата на многумина кои тврдат дека се Негови следбеници — вклучувајќи ги и оние денес? Осија 4:7–11, 16.**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

„Божјиот народ не е подготвен да ги дочека страшните неволји што претстојат, ниту е способен да остане чист од злото и алчноста среде опасностите и расипаноста на овој изопачен век. Тој не го облекол оклопот на правдата и не е подготвен да се спротивстави на беззаконието што денес преовладува. Мнозина не се покоруваат на Божјите заповеди, иако тврдат дека го прават тоа. Да ги извршуваа верно сите Божји заповеди, ќе имаа сила со која би можеле да ги допрат и убедат срцата на неверниците.“ — *2. Сведоштво, 446,447*.

„Оние кои зборуваат дека се побожни, а не се посветени од вистината која ја исповедаат, нема значително да го променат својот живот, иако знаат дека истиот му е одвратен на Бога, бидејќи не се изложени на неволјата да бидат лично укорени за своите гревови. Преку сведоштвата упатени на другите, ним верно им е изнесен сопствениот случај. Продолжувајќи да одат по патот на гревот, тие ја повредуваат својата совест, стануваат со тврди срца и непокорни, исто како сведоштвата навистина да им се упатени на нив. Преминувајќи преку своите гревови и одбивајќи да ги поправат своите грешки со понизно признавање и покајание, тие сами одлучуваат за својата судбина, на која ќе бидат препуштени, додека на крај сатаната не ги потчини на својата волја. Тие можат да станат многу дрски кога гледаат дека можат да ги прикријат своите гревови од другите и затоа што Божјата осуда не се покажала на некој видлив начин. Тие навидум можат да бидат и среќни на овој свет. Можат да ги мамат бедните, кратковидни луѓе, кои можат да ги сметаат за пример на побожност. Но невозможно е да се измами Бог.“ — *2. Сведоштво, 447,448.*

**б. Опишете ја длабоката копнежлива желба на Божјото срце во оваа ситуација. Еремија 3:14–15.**

____________________________________________________________________

„Ми беше покажано дека неверството во сведоштвата постојано се зголемува колку повеќе народот се одвојува од Бога. Во нашите редови се забележува неверство, во целото наше поле на работа. Но малкумина знаат какво ќе биде искуството на нашата црква. Видов дека засега уживаме Божја трпеливост, но никој не може да каже колку ќе трае тоа. Никој не знае колкава е милоста која ни се укажува. Малку се тие што вистински му се предани на Бога. Малку се тие кои, како ѕвезди во бурна ноќ, светат понекаде меѓу облаците.“ — *5. Сведоштво, 76.*

## 5. НАЈИТНИОТ ПРИОРИТЕТ

Четврток, 8 јан

a. **Како може отпадникот да ја избегне најтешката пресуда што би можела да го снајде? Осија 4:17.**

„Дури една погрешна црта на карактерот, една негувана грешна желба може по одредено време да ја неутрализира сета сила на евангелието. Преовладувањето на грешната желба ја покажува измаменоста на душата. Секое попуштање на таа желба ја засилува душата во нејзината антипатија за Бога. Неволите во вршењето на должноста и задоволствата на гревот се јажиња со кои сатаната ги врзува луѓето во своите стапици. Како верни ќе се покажат само тие што попрво би умреле отколку да направат некое погрешно дело.“ — *5. Сведоштво, 53.*

„Бог ги води припадниците на Својот народ, чекор по чекор. Тој ги доведува во различни положби и околности за да се покаже што им е во срцето. Таквата проверка некои успешно ја издржуваат во еден поглед, но паѓаат на друго место. При следната проверка срцето се изложува на посериозен испит. Но припадниците на Божјиот народ чувствуваат отпор во своето срце кон овој сосем оправдан процес, што треба да ги осведочи дека во тој поглед мора да извршат одлучна промена ако не сакаат да бидат изблуени од устата Господова. Според зборовите на ангелот: 'Бог сѐ погрижливо ќе го проверува секој поединец во Својот народ'. Некои со задоволство прифаќаат една работа, но кога Бог ќе ги стави на проверка во нешто друго, тие застануваат и се враќаат назад, бидејќи тоа го погодува некој нивен омилен идол. Овде им се дава можност да увидат што е тоа во нивното срце што му ја затвора вратата на Исус. Тие нешто друго ценат повеќе од вистината, и не се подготвени да го примат Христос во своето срце. Поединци долго се испитуваат и се проверуваат за да се види дали ќе ги жртвуваат своите идоли и дали ќе го послушаат советот на Вистинскиот Сведок. За оние што не сакаат со послушност кон вистината да бидат очистени од своите гревови и да ја победат својата себичност, гордост и сите лоши склоности, Божјите ангели имаа налог: 'Тие неразделно се приврзани за своите идоли, оставете ги,' и тие ќе ја продолжат својата задача препуштајќи ги таквите - заедно со нивните гревови и несовладани склоности – на контролата на злите ангели. Оние што успешно ќе ги поминат сите проверки, и ќе излезат како победници, без оглед на цената, значи дека го послушале советот на Вистинскиот Сведок, па ќе го примат позниот дожд и така ќе бидат подготвени за преобразување.“ — *1. Сведоштво, 187*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 9 јан

1. **Што се случува кога Божјото слово се отфрла, осудува и ублажува?**
2. **Колку е сериозна брачната обврска, според учењето на Светото писмо?**
3. **Што се случува кога не ги цениме доволно пораките на сегашната вистина?**
4. **Зошто треба да ги проучувам „Сведоштвата за Црквата“, иако биле напишани за други луѓе?**
5. **Зошто е опасно да се држам дури и до еден познат грев?**

# Подготовка во надеж

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Ајде да се вратиме кај Господ, зашто Тој нè рани и Тој ќе нè исцели, нè удри - и ќе ни ги преврзе раните наши“ (Осија 6:1).

**Предлагаме да прочитате:** *Здравје и среќа, 177–182.*

„Во времето на собирање, кога Божјата рака се зафати да го собере Својот народ, настојувањата вистината да се рашири, ќе има очекуван успех. Сите треба да бидеме соединети и ревносни во таа работа.“ — *Рани списи, 74.*

## 1. ПОГРЕШНО НАСОЧЕНА РЕВНОСТ — Недела, 11 јан

**а. Колку страшни ќе бидат последиците ако со своите дела Го изневериме Бога? Осија 5:4–7; Исаија 1:11, 15.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Ако Божјата вистина не го променила нашето срце според Христовиот лик, тогаш сето наше наводно познавање на Него и на вистината ќе биде како бакар, што ѕвони, или кимвал, што ѕвечи. (Цитиран е текстот од Исаија 1:10–20) .

Нека сите што тврдат дека ги држат Божјите заповеди сериозно се позанимаваат со ова прашање и нека испитаат дали нема причини зошто не го искусуваат во поголема мера излевањето на Светиот Дух. Колкумина ги воздигнуваат своите души во суета! Тие мислат дека уживаат особена Божја наклоност, но ги занемаруваат сиромашните, ги затвораат ушите пред повиците на угнетените и изговараат остри, навредливи зборови кон оние кон кои би требало да се однесуваат сосема поинаку. На тој начин тие секојдневно Го навредуваат Бога со тврдоста на своето срце. Нека секој член на црквата внимателно го испита своето срце и својот животен пат и нека види дали тие се во согласност со духот и делото на Исуса; зашто, ако не се — што ќе може да каже кога ќе застане пред Судијата на целата земја...

Христос ги поистоветува Своите интереси со интересите на страдалното човештво; и сè додека Тој се занемарува во лицето на Своите страдалници, сите наши собирања, сите состаноци и сето она што треба да го поттикне напредокот на Божјото дело, ќе биде од мала корист. ‘Ова требаше да го правите, а и она да не го оставате.’ ‘Измерен си на кантар и се најде многу лесен.’“ — *The Review and Herald, August 4, 1891.*

**а. Кое сериозно предупредување им го упати Бог на Ефрем и на Јуда — и каква грешка направија тие во момент на криза? Осија 5:8–14.**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„Последните години на злосреќното Израелово царство биле одбележени со насилство и крвопролевање какво што не било дури ни во најлошите периоди на неслога и немири на владеењето на Ахав. Во текот на повеќе од два века владетелите на десетте племиња сееле ветар, а сега жнееле бура... Оние кои што требало да стојат пред народите на земјата како чувари на божествената благодат „го изневерија Господа" (Осија 5:7) и еден со друг...

Некои од водачите во Израел јавно чувствувале дека угледот е загубен и посакувале да го повратат. Меѓутоа, наместо да се одречат од постапките кои го ослабеле царството, тие и понатаму живееле во беззаконие залажувајќи се дека кога ќе им се даде за тоа можност, ќе се здобијат со власта која што ја посакувале, со тоа што ќе се здружат со незнабошците." — *Пророци и цареви, 279,280.*

**б. Во овој кризен час, какви зборови на надеж и молба му нареди Бог на пророкот да објави? Осија 5:15; 6:1–2. И како тоа се однесува на нас денес?**

__________________________________________________________________

__________________________________________________________________

„На престапниците им биле дадени многу прилики да се покајат. Во часот кога биле најдалеку од Бога и се наоѓале во најголема неволја, Бог им пратил вест за простување и надеж." — Пророци и цареви, 283.

„Ги повикувам нашите браќа да се разбудат. Духовните способности и даровите ќе ослабат и исчезнат ако не ги користиме за придобивање на души за Христа. Каков изговор може да се најде за занемарувањето на големото и возвишено дело заради чие остварување умрел Христос?

Ние не смееме да допуштиме овие малку денови кои ни преостануваат овде на земјата да поминат во ништожни работи. Мораме да ги понижиме своите души пред Бога, за секое срце да биде напоено на изворот на вистината, за да ова дело изврши таква промена во нашиот живот, која ќе го убеди светот дека тоа е навистина Божјата вистина. Нашиот живот нека биде сокриен со Христа во Бога. Господ ќе може да нè употреби за прослава на Своето име, само тогаш, кога ќе Го побараме како мали деца, кога ќе престанеме да пронаоѓаме грешки кај нашите браќа и сестри и кај оние кои верно се трудат да ја извршат својата должност во делото и кога ќе се трудиме да имаме чисто срце пред Бога." — *9. Сведоштво, 105,106.*

**а. Кое е посебното ветување што Бог ѝ го дал на Неговата црква за последните денови — и зошто ни е толку потребно? Осија 6:3.**

„Вистина е дека во последно време, при завршувањето на Божјото дело, искрените напори на посветените верници под водство на Светиот Дух ќе бидат придружувани со посебни знаци на божествено одобрување. Со симболичната претстава на раниот и позниот дожд, кој во источните земји паѓа за време на сеидбата и жетвата, еврејските пророци претскажале излевање на духовна благодат врз Божјата црква во извонредна мера. Излевањето на Духот во времето на апостолите претставувало почеток на раниот или првиот дожд и тоа донело величествени резултати. Со своето присуство Светиот Дух до крај ќе биде сила на вистинската Божја црква.

Но пред крајот на земната жетва е ветено посебно излевање на духовна благодат со цел црквата да се приготви за доаѓањето на Синот човечки. Тоа излевање на Духот се споредува со позниот дожд. И токму за таа додатна сила христијаните треба да му упатуваат свои молитви на Господарот од жетвата 'во времето на позниот дожд."' — *Делата на апостолите, 54,55.*

**б. Што нè спречува да го примиме овој благослов во полна мера? Осија 6:4–6.**

„Мнозина не разбираат какви мораат да бидат во времето на неволјите, за да живеат пред Бога, без првосвештеник во светилиштето. Кај оние што ќе го примат печатот на живиот Бог и кои во времето на неволјите ќе бидат заштитени, мора потполно да се огледа Исусовиот лик.

Видов дека мнозина ја занемаруваат толку потребната подготовка очекувајќи дека 'освежувањето' или 'позниот дожд' ќе ги оспособи да опстанат во Господовиот ден и да живеат во Негово присуство. О, колку ли само сум видела од нив во времето на неволјите без Божја заштита! Тие ја занемаруваат потребната подготовка, па затоа нема да можат да го примат „освежувањето" кое сите мораат да го примат за да можат да живеат во присуството на Светиот Бог. Оние кои одбиваат да бидат 'кастрени' од страна на пророците, и не ја чистат својата душа покорувајќи се на целата вистина, и кои се наклонети да веруваат дека нивната состојба е далеку подобра отколку што навистина е, ќе се разбудат дури во времето на седумте зла и ќе увидат дека тоа 'кастрење' и обликување било неопходно за нив за да бидат подготвени за Божјата градба. Меѓутоа, повеќе нема да има време за каква и да е промена, повеќе нема да има Посредник да ги застапува пред Бога. Пред тоа време ќе одекне страшната и свечена изјава: 'Кој чини неправда, нека прави уште неправда; и кој е нечист, уште нека се онечистува; и кој е праведен, уште нека чини правда; и кој е свет, уште нека се осветува'. (Откровение 22:11). Видов дека во 'освежувањето' ќе учествуваат само оние кои што ќе победат и ќе го оттргнат секој вкоренет грев: гордост, себичност, љубов кон светот и секој лош збор и постапка." — *Рани списи, 71.*

**а. Како е прикажана непостојаноста на Божјиот народ што само се декларира како Негов? Осија 7:2, 7–11, 15.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

**б. Кои состојби од времето на пророкот Осија имаат паралела со духовните опасности во црквата денес? Осија 8:1–3; Еремија 23:1.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Постојат луѓе кои се претставуваа како побожни, но со своите престапи го прикриваат и штитат грешникот. Тие не ги почитуваат Божјите заповеди, туку ги прифаќаат човечките преданија, го прават Божјиот закон неважечки и поттикнуваат отпадништво. Изговорите што ги изнесуваат се слаби и без сила, и тие ќе донесат пропаст не само на нивните души, туку и на душите на другите...

Врз оние што ја презеле улогата на пастири на стадото ќе паднат најтешките казни, затоа што на народот, наместо вистината на Божјата реч, му изнесуваат човечки измислици. Децата ќе се кренат и ќе ги проколнуваат своите родители. Членовите на црквата кои ја имале светлината и биле уверени во вистината, но своето спасение му го довериле на проповедникот, ќе дознаат во Денот Господов дека ниту една друга душа не може да плати откуп за нивните престапи. Од сите страни ќе се слуша ужасниот извик: ‘Јас сум изгубен — засекогаш изгубен!’ Луѓето ќе чувствуваат како да можат да ги раскинат на парчиња проповедниците кои им проповедале лага, а ја осудувале вистината. Чистата вистина за ова време бара промена во животот, но тие ја напуштиле љубовта кон вистината, и за нив може да се каже: ‘Пропадна, Израеле.’ Господ испраќа порака: ‘Стави ја трубата на уста! Непријателите како орли го напаѓаат Домот Господов, зашто тие го нарушија заветот Мој и го престапија законот Мој.’“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 4, p. 1157.*

**в. Како идолопоклонството и лажното богослужение му нанесоа штета на Израел и каков беше исходот? Осија 8:5, 6.**

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

„Десетте Израелови племиња морале да ги соберат плодовите од своето отпадништво кое започнало со подигање на туѓи олтари во Ветил и Дан.“ — *Пророци и цареви, 285*

## 5. ОПАСНИ ВРЕМИЊА — Четврток, 15 јан

**а. На која поука нè учи принципот на сеидба и жетва? Осија 8:7; Галатјаните 6:7, 8.**

______________________________________________________________________

„Неверниците... ги презираат светите вистини на Божјото Слово фрлајќи ги под своите нозе. Тие без никакво ограничување се оддаваат на раскош во облекувањето и целиот живот го поминуваат во веселба и задоволства. Тие сеат ветар и затоа ќе мораат да жнеат бура. Во времето кога неволји и зло ќе ги снајдат народите, ќе има многу такви кои не се потполно предадени на изопаченото влијание на светот и на служба на сатаната, и таквите ќе се понижат пред Бог барајќи го со цело срце и ќе најдат мир и проштевање.

Оние меѓу почитувачите на саботата што не се подготвени на никаква жртва, туку попуштаат на влијанието на светот ќе мора да поминат низ тешки испити и проверка. Ние веќе сме изложени на опасностите на последните денови, и пред младите се неволји какви воопшто не очекуваат. Тие ќе се најдат во најтешка неизвесност. Вистинитоста на нивната предаденост на верата ќе биде ставена на тешка проба. Тие тврдат дека го очекуваат доаѓањето на Човечкиот Син, а мартак некои од нив даваат многу лош пример на неверниците...

Денот на маки и болки што го раскинуваат срцето е пред нас. Покажано ми е дека јасното сведоштво треба да се изнесува, и дека оние што ќе работат за Господ ќе го примат Неговиот благослов.“ — *1. Сведоштво, 268-270.*

**б. Зошто е време да ѝ обрнеме поголемо внимание на Божјата волја? Осија 8:12.**

„Дали овие Божји опомени ќе останат незабележани? Смеат ли можностите и приликите за служба на Бога да поминат неискористени? Дали подбивите што доаѓаат од светот, интелектуалната гордост, наклоноста кон човечките обичаи и традиции, ќе ги задржат таканаречените Христови следбеници да не стапат во Христова служба? Дали и тие ќе ја отфрлат Божјата реч како што еврејските водачи го отфрлиле Христа? Последиците на гревот на Израел ни се познати. Дали денешната црква ќе го прифати предупредувањето?“ — *Христовите поуки, 306.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Петок, 16 јан

1. **Зошто е неопходно во овие последни денови да живееме според целата светлина што ја имаме?**
2. **Како и во древните времиња, што денес може да нè одвлече од нашата мисија?**
3. **Кое драгоцено ветување за последното време може да го промени мојот живот — и зошто?**
4. **Кога и зошто Бог доаѓа „како орел“ против домот Господов?**
5. **Во кои области од мојот живот треба да прекинам некои долготрајни врски со светот?**

# Чување на Божјата милост

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Ќе те уништам, Израеле, кој ќе ти помогне?“ (Осија 13:9).

**Предлагаме да прочитате:** *4. Сведоштво, 186–213.*

„Секој отфрлен зрак на светлина, секое презрено или занемарено предупредување, секоја негувана страст, секој престап на Божјиот закон претставува сеидба која ќе донесе сигурна жетва.“ — *Големата борба, 36.*

## 1. ДЕНОВИ НА ПОХОД

Недела, 18 јан

**а. Кое предупредување одекнува сè до завршетокот на времето на милоста? Осија 9:7.**

„Братот А во своето срце не е посветен на Бога. Тој има способности и таленти за кои ќе мора да полага сметка пред Оној Кој ни дава сè. Неговото срце не е посветено и неговиот живот не е во склад со верата што ја исповеда; мартак тој бил тесно поврзан со светото Божје дело повеќе од дваесет години. Каква светлина имал, какви предности! Пружени му се навистина исклучителни можности да развие вистински христијански карактер. На него навистина можат да се применат зборовите кои Христос ги изговорил кога заплакал над Ерусалим: ‘Кога ти би го знаел, барем во овој твој ден, она што е за твојот мир! Но сега е скриено од твоите очи’. А казната на Божјиот гнев само што не паднала на тебе ‘затоа што не ги позна времињата во кои се наоѓаш!’

Б е со сличен ум, само не е до таа мерка исполнет со себичност. И едниот и другиот повеќе ги љубат задоволствата отколку Бога. Нивниот живот ниту малку не одговара на христијанскиот пример. Во потполност им недостига стабилност, умереност и верност кон Бога. Во животот на братот Б делото на благодатта секогаш останувало само на површина. Тој сака да биде христијанин, но не вложува никакви напори да стекне победа над самиот себе и да постапува во склад со своето осведочување во поглед на доброто и злото. Бог го прифаќа делото, а не празните зборови и неостварените намери.

Брате А, ти ја слушаше Божјата реч во укорите, советите и најсесрдното преколнување полно со љубов. Но не е доволно само да се слуша. ‘Бидете извршители на зборовите’, вели апостолот, ‘а не само слушатели, лажејќи се самите себеси’. Лесно е да се занесува со она во што сите веруваат и да се вика ‘Осана!’ кога тоа е масовен восклик; меѓутоа, вистинското христијанство се проверува во едноставноста на секојдневниот живот кога нема никакви посебни возбудувања или заноси.“ — *4. Сведоштво, 187, 188.*

**а. На кој начин непријателот често ги води верните во пропаст? Осија 9:8, 9, 17.**

„(Сатаната) придобива за себе мажи и жени кои се себични и непосветени и ги прави свои стражари кои треба будно да ги следат верните Божји слуги, за да ги клеветат нивните зборови, нивните постапки и нивните побуди и со критика и мрморење да ги оспоруваат нивните укори и опомени. Преку таквите тој поттикнува сомневање и завист, настојува да ја ослабне храброста на искрените верници, да им угоди на непосветените и да ги осуети напорите на Божјите слуги.

Со посредство на недисциплинираните деца, сатаната успева да загосподари со умот на родителите. Запоставувањето на родителските должности претставува карактеристичен грев на многумина кои ја празнуваат саботата. Склоноста кон озборување и прераскажување, сатаната посебно ја користи за да се сее раздор и кфева, да разделува и да ја поткопува верата на многумина во исправноста на нашето верување. Браќата и сестрите премногу често и со задоволство зборуваат за пропустите и грешките кои според нивно мислење ги прават другите, а особено оние кои бестрашно ја изнесуваат пораката на укор и опомена која Бог им ја дал.

Децата на овие незадоволници слушаат со отворени уши и го голтаат тој отров на незадоволство. На тој начин, родителите слепо ги затвораат приодите преку кои би можело да се допре до срцата на нивните деца. Колку многу семејства ги 'зачинуваат' своите секојдневните оброци со сомнежи и распрашувања. Тие како да го 'сецираат' карактерот на своите пријатели и тоа го изнесуваат на трпеза како вкусен десерт." — *4. Сведоштво, 194,195.*

**б. Која беше главната причина за духовниот пад на Израел? Осија 10:1; Второзаконие 8:11–14.**

„Израелците како народ го загубиле од вид својот висок позив на Божји претставници. Го заборавиле Бога и не успеале да ја извршат својата света мисија. Благодатите што ги примиле од Бога не му донеле благослов на светот. Сите свои предимства ги искористиле за да се извишат себеси. Се изолирале од светот за да ги одбегнат искушенијата. Ограничувањата што им ги поставил Бог во врска со дружењето со идолопоклониците и кои како заштитно средство требало да ги сочуваат од обичаите и од праксата на незнабошците, Израелците ги искористиле како изговор за подигање ѕид со кој се изделиле од сите други народи. Тие го лишиле Бога од онаа служба што Тој ја барал од нив и не им дале на своите ближни патоказ во верата ниту пример на свет живот.

Свештениците и поглаварите се вклопиле во вкалапените церемонии. Се задоволувале со законитата религија и затоа не можеле на другите да им ги пренесуваат животворните небесни вистини." — *Делата на апостолите, 14,15.*

**а. Каков повик упатува Бог до Својот народ кој станал духовно нечувствителен? Осија 10:12; Јаков 4:8.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Нашите цркви треба да соработуваат во делото на духовно сеење и обработување со надеж дека еден ден ќе жнеат. Ќе наидеме на многу изопачености, на попречување на светите планови и посветениот труд, поради злото срце на неверување. Но, делото мора да се изврши. Земјиштето е тврдоглаво, но морате да ја орате празната земја и да го сеете семето на праведноста. Не запирајте, вие учители кои Бог многу ги љуби, како да се колебате дали да ја продолжите работата која ќе се развива ако ја извршувате. Не попуштајте ниту губете храброст. Оние кои сеат со солзи, ќе жнеат со радост... Имајте на ум дека не можете да се потпрете сами на себе." — *6. Сведоштво, 420*.

**б. Како Бог ја открива Својата нежна љубов кон Својот народ, протегајќи ја Својата рака кон нас дури и во нашата заблуденост? Осија 11:1–4.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

„Иако сега се вознел пред Божјото лице и го дели престолот на вселената, Исус не изгубил ништо од Својата сочувствителна природа. И денес тоа е истото нежно, сожаливо срце отворено за секоја болка на човечкиот род. Денес истата таа рака што била прободена е испружена обилно да го благослови Неговиот народ што се наоѓа во светот. 'Тие нема никогаш да загинат, ниту пак некој ќе ги оттргне од Моите раце'. Душата што му се предала на Христа во Неговите очи е подрагоцена од целиот свет. Спасителот би поминал низ агонијата на Голгота за да може барем само една душа да биде спасена за Неговото царство. Тој никогаш нема да напушти ниту една душа заради која умрел. Освен ако Неговите следбеници не одлучат да го напуштат, Тој цврсто ќе ги држи.

Во сите наши неволји имаме сигурен Помошник. Тој не нè остава сами да се бориме со искушенијата, да се бориме против злото и на крај да не згмечат товарот и жалостите. Иако сега смртните очи не можат да го видат, увото на верата може да го слушне Неговиот глас како зборува: Не бој се, Јас сум со тебе... Јас ги поднесов вашите жалости, ги искусив вашите борби, се соочив со вашите искушенија. Знам за секоја солза и Јас плачев. Тагите кои лежат толку длабоко што не можат да се кажат на ниту едно човечко уво, Јас ги знам. Немојте да мислите дека сте напуштени и заборавени. Иако вашето страдање не може да најде ехо во ниту едно срце на земјата, гледајте во Мене и живејте." — *Копнежот на вековите, 480-483.*

**а. Што ја открива длабочината на Божјата милост? Осија 11:7–9; Лука 13:6–9.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Зар Бог да се откаже од народот за кој направил толку многу, за кој го дал дури и Својот Единороден Син — изразот на Својата сопствена суштина? Бог дозволи Неговиот Син да биде предаден за нашите гревови. Тој ја презеде улогата на Судија и лично застана спроти Носителот на гревот, лишувајќи се од татковските чувства!

Со ова Неговата љубов кон бунтовното човештво се покажа на најчудесен начин. Каков призор за ангелите!" — *Testimonies to Ministers, p. 246.*

**б. Зошто Бог подигнува пророци — и како тие се клучни за духовната обнова? Осија 12:10, 13; Амос 3:7.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Јасните зборови на пророците и на Самиот Учител треба да ги прифатиме како Божји глас кој се обраќа на секоја душа." — *Пророци и цареви, 327.*

**в. Дури и во трагичниот крај на Израел, што покажува дека Бог е праведен? Осија 13:4–9; 14:1.**

____________________________________________________________

„(Тие) страдања често се претставени како казна што ги стигнала по Божја наредба. На тој начин големиот измамник настојува да го прикрие сопственото дело. Поради своето тврдоглаво отфрлање на божествената љубов и милост, Евреите ја изгубиле Божјата заштита, и на сатаната му било дозволено да загосподари над нив според неговата волја. Ужасните свирепости што се случиле при разурнувањето на Ерусалим, биле само манифестација на сатанската одмаздничка сила, над оние што го прифаќаат неговото водство.

Ние не сме во состојба да сфатиме колку му должиме на Христа за мирот и заштитата што ги уживаме. Божјата сила го задржува и спречува злото за да не падне човечкиот род потполно под власта на сатаната. Непослушните и неблагодарните имаат многу причини да му заблагодарат на Бога што во Својата милост и долго трпение ја задржува свирепата и зла сила на сатаната. Меѓутоа кога луѓето ќе ја преминат границата на божественото трпение, тогаш заштитата се повлекува. Бог не се поставува кон грешникот како извршител на пресудата поради престапот, туку оние што ја отфрлаат Неговата милост ги препушта сами да го жнеат она што го посеале." — *Големата борба, 35,36.*

## 5. ОВЕНАТИ – ИЛИ РАСЦУТЕНИ?

Четврток, 22 јан

**а. Како Исус ја прикажа судбината на Својот народ како нација? Матеј 21:19, 20**

„Исус гладен и пристапил на смоквата, со цел да најде храна. Така дошол и во Израел, копнееjќи кај нив да најде плодови на праведноста. Тој изобилно ги дарувал со Своите дарови, за тие да можат да дадат плод што би бил на благослов за светот. Им биле пружени сите можности и предности, а како надомест за тоа ја барал нивната наклонетост и соработка во Своето дело на благодатта. Тој копнеел во нив да види самопожртвуваност и сочувство, ревност за Бога и длабок душевен копнеж за спасение на ближните. Кога би го држеле Божјиот закон, тие би го извршиле истото она несебично дело што го извршил Христос. Меѓутоа, горделивоста и самоувереноста ја фрлиле во сенка љубовта кон Бога и човекот. Одбивајќи да им служат на другите, тие самите себеси се осудиле на пропаст. Не ја отвориле за светот ризницата на вистината која им ја доверил Бог. Во неродната смоква можеле да го видат и својот грев и казната за гревот. Свената под проклетството на Спасителот, исушена, овената и сува до корен, таа покажувала што ќе биде со еврејскиот народ, кога ќе му биде скратена Божјата благодат. Одбивајќи да го пренесат благословот, тие веќе нема ниту да го добијат.“ — *Копнежот на вековите, 583*.

**б. Како завршува книгата на Осија, нагласувајќи ја Божјата надеж, Неговото исцелување и повикот кон мудрост? Осија 14:4, 5, 8, 9.**

______________________________________________________________________

„Растението расте примајќи го она што Бог му го одредил за одржување на животот. Така и духовниот раст се постигнува преку соработка со божествените орудија. Како што растението пушта корен во земјата, така и ние мораме да се вкорениме во Христа. Како што растението прима светлина од сонцето, роса и дожд, така и ние мораме да Го примаме Светиот Дух. Ако нашите срца се потпираат на Христа, тогаш Тој ќе ни дојде „како дожд; како доцен и ран дожд ќе ја наполни земјата”. Тој ќе се подигне над нас како Сонце на Праведноста ‘и исцеление ќе има во зраците Негови’. Ние ќе цветаме ‘како лиљан’. Ние ќе имаме ‘жито во изобилие и ќе цветаме како лоза’ (Осија 6:3; Малахија 4:2; Осија 14:6,8).“ — *Воспитување, 106.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 23 јан

1. **Што бара Бог од нас во денот на Неговиот поход?**
2. **Зошто Бог не беше задоволен само со надворешната побожност на Израел?**
3. **Што прави „разорувањето нова земја“ во нашето срце?**
4. **На што треба да биде насочен мојот фокус во овие преостанати моменти на милост?**
5. **Како можам да бидам сигурен дека ќе бидам благословен, а не отсечен од Бога?**

# Јоил: Посветен гласник

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Затрубете со труба на Сион, наредете пост и објавете свечен собир.“ (Јоил 2:15)

**Предлагаме да прочитате:** *9. Сведоштво, 11–18.*

„Столбот од облак, кој на престапниците на Божјиот закон им навестува гнев и ужас претставува светлина, милост и ослободување за оние кои ги држат Неговите заповеди.“ — *6. Сведоштво, 404.*

## 1. ПРИМЕНЕТО НА ИДНИНАТА

Недела 25. јан

**а. Каква катастрофа опишува пророкот Јоил — и како тоа се однесува на еден настан што сè уште нè очекува во иднина? Јоил 1:10–12, 17–20; Откровение 16:8, 9.**

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

„Во казната што следи, на Сонцето ќе му биде дадена сила ‘да ги жари луѓето со оган. И силна жега ги опфати луѓето’ (Откровение 16:8,9). Еве како ја опишуваат пророците состојбата на земјата во тоа страшно време: ‘Опустошено е полето, тагува земјата, зашто е уништено житото... Сите дрвја по полето се исушија; поради тоа и веселбата меѓу луѓето исчезна’. ‘Изгниени се зрната под сувите грутки, запустени се житниците... Ете, стенка добитокот, скитаат стадата волови, зашто нема за нив пасиште... зашто секна водата по потоците и оган ги изгоре пасиштата во пустината’. ’Песните во храмот во оној ден ќе се претворат во плачење, вели Господ Бог; ќе има многу трупови, ќе ги фрлаат насекаде молчешкум’ (Јоил 1:10-12,17-20; Амос 8:3).

Овие зла нема да бидат сеопшти, зашто инаку сите земни жители би биле уништени. Сепак, тие ќе бидат најстрашни казни кои смртниците некогаш ги доживеале. Сите судови што ги снаоѓале луѓето пред крајот на времето на милоста биле помешани со милост. Христовата крв ги штитела грешниците да не ја примат целосната мерка за својата вина. Но во конечната пресуда, Божјиот гнев ќе се излее непомешан со милост. Во оној ден мнозина ќе посакаат заштита од божествената милост која толку долго ја презирале.“ — *Големата борба, 628,629*.

**а. За кои свечени вистини треба да бидеме длабоко свесни? Јоил 1:15, 16.**

____________________________________________________________________________

„Сегашното време е особено важно за сите живи. Владетелите и државниците, луѓе на доверливи положби и со авторитет, мисловните припадници на сите општествени слоеви... сфаќаат дека нешто големо и одлучувачко наскоро ќе се случи - дека светот се наоѓа на прагот на една страотна криза.

Ангелите сега ги задржуваат ветровите на судирот да не дуваат сè додека светот не биде предупреден на судбината што му се закaнува; но бурата се подготвува, готова да ја опустоши Земјата; и кога Господ ќе им заповеда на своите ангели да ги одврзат ветровите, ќе избие таков судир што ниту едно перо нема да може да го опише.

Библијата, и само Библијата правилно ги опишува сите настани. Во неа се откриени големите завршни сцени од историјата на нашиот свет, настани во чија сенка веќе се наоѓаме; од татнежот на нивното приближување Земјата трепери, и човечките срца се исполнуваат со страв.“ — *Воспитување, 179,180.*

**б. Во светлина на претстојната опасност, на какво навремено и ревносно дејствување сме повикани ние како верници? Јоил 1:14; 2:1, 2.**

____________________________________________________________________________

„Обрнувајќи внимание на овој голем ден, пострашен од сите денови, Божјото слово со најсвечени и највпечатливи изрази го повикува Божјиот народ да се разбуди од својата духовна летаргија и со понизност и покајание да го бара Неговото лице.“ — *Големата борба, 311*.

**в. Како пророштвото на Јоил го најавува денот на Христовото второ доаѓање? Јоил 2:3–6.**

____________________________________________________________________________

„Набргу нашите очи беа привлечени од појавата на еден мал црн облак со големина отприлика колку половина од една човечка тупаница, за кој сите ние знаевме дека е тоа знакот на Синот човечки... над него се издигаше виножито, додека околу него се наоѓаа десетици илјади ангели кои пееја најубава песна; и врз облакот седеше Синот човечки. Неговата коса беше бела и кадрава, спуштајќи му се до раменици, а на главата имаше многу круни. Неговите стапала изгледаа како оган, во Неговата десна рака имаше остар срп, а во левата сребрена труба. Неговите очи беа како огнен пламен, кои ги испитуваат Неговите деца до дното на душата. На сите насобрани лицата им побледеа, а на оние кои Бог ги отфрли им беа поцрнети.“ — *Рани списи, 15,16.*

**а. Какво уверување им дава Бог на оние што се каат со искрено срце? Јоил 2:12, 13; Псалм 34:18.**

---

„Постот што го налага Божјата Реч е нешто повеќе од форма. Тој не се состои само од одбивање на храна, во носење кострет, во посипување на главата со пепел. Оној кој пости и вистински жали поради гревот, никогаш со тоа нема да се фали.

Целта на постот на кој Бог нѐ повикува не се состои во измачување на телото поради гревот на душата, туку да ни помогне да ја сфатиме страшната природа на гревот, да го понизиме срцето пред Бога и да го примиме Неговото милостиво простување. Неговата заповед кон Израел беше: 'Раскинете ги срцата свои, а не облеката и вратете се кај Господ вашиот Бог' (Јоил 2:13).

Нема да ни биде од никаква корист ако го мачиме своето тело и ако си ласкаме себеси дека со сопствените дела ќе заслужиме или купиме наследство меѓу светите... Покајание е свртување од себе кон Христа; и кога ќе го примиме Христа, така што преку вера Тој може да го живее својот живот во нас, тогаш ќе се видат и добри дела." — *Мисли од гората, 87*.

**б. Што е вклучено во исповедта што толку очајно ни е потребна? Матеј 6:6; 1. Јованово 1:9.**

---

„Своите тајни гревови исповедајте ги единствено пред Бога. Признајте ги заблудите на Оној Кој совршено знае како треба да го обработи вашиот случај. Ако сте го натажиле вашиот сосед признајте го својот грев и каењето покажете му го со тоа што ќе го исправите истиот. Тогаш побарајте благослов. Пријдете Му на Бога такви какви што сте и дозволете Му Тој да ги излечи сите ваши слабости. Својот случај изнесете го на престолот на милоста, за делото да биде потполно. Бидете искрени кон Бога во вашата душа. Ако Му пристапите со вистинско покајничко срце, Тој ќе ви подари победа. Тогаш ќе можете да го изнесете слаткото сведоштво за слободата, славејќи го Оној што ве повикал од темнината во Својата чудесна светлина. Тој нема да ве сфати погрешно ниту пак ќе ве осуди. Вашите ближни не можат да ве ослободат од гревот ниту да ве очистат од неправдата. Единствено Исус може да ви даде мир. Тој ве љуби и сам Себе се дал за вас. Во Неговото срце полно со љубов има сожалување кон нашите слабости. Има ли грев кој е премногу голем за Тој да не може да го прости? Има ли душа која е толку замрачена и која е толку нагризана од гревот за Тој да не може да ја спаси? Тој е милостив и не ги гледа нашите заслуги, туку нашите престапи ги лечи со својата безгранична добрина, сакајќи нѐ, иако сме грешници." — *5. Сведоштво, 649.*

**а. Опишете го итниот чекор што треба да го направи Божјата црква. Јоил 2:15–17.**

---

---

„Христос ќе биде со секој проповедник кој, иако можеби не го постигнал совршенството на карактерот, најискрено се стреми да стане сличен на Христа. Таквиот проповедник ќе се моли. Тој ќе плаче меѓу тремот и олтарот, викајќи од длабочината на душата за Божјото присуство; без Него нема да може да застане пред народот додека целото небо го набљудува, а ангелот записничар го запишува секој негов збор, неговото однесување и неговиот дух.“ — *Testimonies to Ministers, p. 143*.

„Кога би можела да се подигне завесата, кога би можеле да ги сфатите Божјите цели и казни кои наскоро ќе се срушат на овој осуден свет, кога би го увиделе својот сопствен став, вие би сте се уплашиле и затрепериле за своите души и за душите на вашите ближни. Би упатувале кон небото сесрдни молитви со болка која го раскинува срцето. Би плачеле помеѓу тремот и олтарот, признавајќи го своето духовно слепило и отпадништво.“ — *6. Сведоштво, 408*.

**б. Како Бог сака да одговори на таквите ревносни молитви што Неговиот народ Му ги упатува? Јоил 2:23.**

---

„Непријателот ги инспирира своите слуги да предлагаат мерки кои во голема мера ќе го попречуваат Божјото дело; но под влијанието на светите ангели, државниците кои се бојат од Бога се спротивставуваат на таквите предлози со несоборливи аргументи. На овој начин неколку луѓе ќе ја задржат моќната струја на злото. Противењето на непријателите на вистината ќе биде задржано за да може третата ангелска вест да го изврши своето дело. Кога ќе биде објавена последната опомена, таа на себе ќе го привлече вниманието на овие луѓе поставени на одговорни места преку кои сега Господ работи, и некои од нив ќе ја прифатат, и во времето на неволјата ќе се приклучат кон Божјиот народ.

Ангелот кој се придружува во објавувањето на третата ангелска вест ќе ја осветли целата земја со својата слава. Овде е најавено дело со огромни размери и со невообичаена сила. Адвентното движење од 1840. до 1844. година претставуваше прекрасна манифестација на Божјата моќ; првата ангелска вест беше однесена до секоја мисионерска станица во светот, и во некои земји настана толку голем интерес за верата каков што не се видел ниту во една земја од реформацијата во шеснаесеттиот век; но сето тоа ќе биде надминато со силното движење предизвикано од последната опомена на третиот ангел.“ — *Големата борба, 610*.

## 5. НАРОД НА МИРОТ

Четврток, 29. јан

**а. Опишете го исполнувањето на пророштвата од Јоил 2:28–32.**

---

„Ти препорачувам, драг читателу, Божјата Реч да ја земеш како начело на својата вера и живеење. Преку таа Реч ќе бидеме судени. Во таа Реч Господ ветил дека ‘во последните денови’ ќе дава виденија, не за тие да претставуваат некое ново правило на верата туку за да го храбрат Неговиот народ и да ги исправаат оние кои застраниле од библиската вистина“. — *Рани списи, 78*.

„Деветнаесетти мај 1780. година е познат во историјата како ‘мрачен ден’. Од времето на Мојсеј не е забележан случај на толку густа темнина, на толкаво пространство, и да траело толку долго. Описот на овој настан, како што ни го даваат очевидците, е само одглас на Господовите зборови што ги објавил пророкот Јоил две илјади и петстотини години пред да се исполнат: ‘Сонцето ќе се преобрати во темнина, а месечината - во крв, пред да настапи денот Господов, великиот и страшниот’ (Јоил 2:31)“. — *Големата борба, 308.*

**б. И покрај надежите за мир, во каква страшна судбина конечно ќе биде воведено човештвото? Јоил 3:9, 10; 1. Солуњаните 5:3.**

„Духот на војна го потресува светот. Пророштвото од единаесеттата глава од книгата на Даниел речиси потполно се исполнило. Наскоро ќе се појават сцени на неволји и маки за кои се зборува во пророштвата“. — *9. Сведоштво, 14*

**в. Каде ќе бидат верните во тоа време? Јоил 3:16; Псалм 91:1–7.**

---

---

„Страшни искушенија и проби го очекуваат Божјиот народ. Духот на војна ги потресува народите од едниот крај на земјата до другиот. Но низ времето на неволја кое доаѓа време на неволја какво што немало од почетокот на светот - избраниот Божји народ ќе стои непоколеблив. Сатаната и неговите ангели нема да можат да го уништат, бидејќи ќе го штитат ангели кои се ненадминливи во сила“. — *9. Сведоштво, 17.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 30. јан

1. **Што го предизвикува катастрофалниот настан предвиден во Јоил 1:15–20?**
2. **Каков одговор ќе имам јас на Христовото второ доаѓање?**
3. **Како и зошто треба да се понизиме пред Господ?**
4. **Опиши го благословот што ќе го примат оние што на крајот ќе бидат целосно посветени на Бога?**
5. **Зошто сега, повеќе од кога било порано, мора да избегнуваме поттикнување на духот на војна?**

**ДАР ВО ПРВАТА САБОТА**
Сабота, 7 февруари 2026.





# Оддел на Генералната конференција за добротворна дејност

Одделот за добротворна дејност при Генералната конференција има за цел да донесе олеснување на оние кои страдаат во разни природни или предизвикани трагедии. Има браќа кои ги изгубиле своите имоти поради пожари, поплави, па дури и во војни и конфликти.

Кога човек ќе види дека сето она што го создал е уништено, многу може да го охрабри нечија подадена рака која ќе му помогне и ќе се погрижи за него. Оние што поминале низ такви трагедии често зборуваат за радоста што ја почувствувале затоа што некој се грижел за нив во моменти на голема потреба и се благодарни што имаат привилегија да бидат дел од вистинско духовно семејство.

Има и такви што живеат во екстремна сиромаштија и јадат најмногу еднаш дневно — а мартак, во тие тешки страдања, остануваат цврсти во надежта и сигурни дека Исус скоро ќе се врати и дека сето ова ќе помине... На таквите, Одделот за добротворна дејност повторно ја подава својата пријателска рака за помош. Со Христовите зборови: „Доколку сте го направиле тоа за еден од овие Мои најмали браќа, за Мене сте го направиле“ (Матеј 25:40), нашата работа е водена од разбирањето дека вистинската религија не се состои во зборови, туку од дела — во грижата за сирачињата, вдовиците, болните и бегалците. Кога ги примаме даровите, ние брзо ги распределуваме — исполнувајќи ги најитните потреби, особено во нашето семејство на верата.

Цркви уништени во природни катастрофи повторно беа изградени; куќи уништени во пожари, поплави и други временски непогоди беа повторно изградени и повторно опремени; болните беа лекувани; сирачињата, вдовиците и луѓето во потреба примија храна и основна грижа. Многу е направено, но сè уште сме далеку од нашата цел — во нашето домаќинство на верата да нема сиромашни, како што беше на денот на Педесетницата!

Поради ова, драга браќа, сметаме на вашите дарежливи, изобилни, но пред сè сочувствителни дарови! Додека го издвојувате својот Дар за првата сабота, размислете колку многу сте примиле од Бога. Тој ќе го умножи вашиот дар и ќе ги претвори во благослов — за вас, за вашето семејство и за оние на кои им е потребна помош во време на тешкотии.

„Токму преку практикување на оваа практична љубов, црквите се приближуваат една до друга во христијанско единство. Преку љубовта кон браќата се зголемува и љубовта кон Бога, бидејќи Тој не ги заборава оние што се наоѓаат во неволја, и на тој начин кон Бога се издигнуваат дарови на благодарност за Неговата грижа.“ – *Counsels on Stewardship, 344*.

Нека ве благослови Бог изобилно!

*Оддел за добротворна дејност при Генералната конференција*

# Амосовиот повик на подготовка

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Приготви се да Го дочекаш твојот Бог, Израеле“ (Амос 4:12, последен дел).

**Предлагаме да прочитате:** *8. Сведоштво, 329–335.*

„Нашата задача е да ги објавуваме Божјите заповеди и сведоштвото на Исуса Христа. ‘Приготви се да Го дочекаш твојот Бог, Израеле’ (Амос 4:12) е предупредувањето што треба да му го пренесеме на светот. Тоа предупредување важи и за секој од нас лично.“ — *Selected Messages, bk. 2, p. 116.*

## 1. СЛУЖЕЊЕ НА БОГА ИЛИ НЕ? Недела, 1 Фев

**а. По спомнувањето на престапите на Дамаск, Газа, Тир, Едом, Амон, Рава и Моав, кое негодување го изразува Бог за Јуда и Израел, кои тврделе дека Му служат? Амос 2:4–8.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**б. Што сведочи Господ за Своето сочувство кон нив и за последиците од нивното презирање на Неговата милост? Амос 2:9–16.**

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

**в. Кое прашање се поставува кога се изневерува Божјата доверба — и како ова начело се применува и во меѓучовечките односи? Амос 3:1–3; Псалм 11:3.**

______________________________________________________________________

„Како телесниот начин на размислување може да се усклади со размислувањето на оној кој е обединет со Христа? Еден од сопружниците сее за телото, мисли и работи во склад со побудите на сопственото срце; другиот сее за Духот, трудејќи се да ја потисне себичноста, да ги победи склоностите и желбите на телото и да живее во послушност на Господа за чиј слуга се прикажува.“ — *4. Сведоштво, 507*.

„Колку и да се нечии принципи чисти и примерни, влијанието на неверниот сопружник секогаш ќе се стреми кон одделување од Бога.“ — *Патријарси и пророци, 174.*

**а. Зошто навистина можеме да ја цениме вредноста на пророштвото? Амос 3:7, 8.**

„Додека ‘она што е тајно му припаѓа на Господ, нашиот Бог,’ ‘она што е откриено ни припаѓа нам и на нашите синови довека’... Бог ни ги дал овие нешта, а Неговиот благослов ќе го следи стравопочитувачкото проучување на пророчките книги придружувано со молитва.“ — *Копнежот на вековите, 234*

**б. За жал, како често постапувале кон Него оние што се декларирале како Божји народ? Амос 4:4–11.**

---

„’И Господ ќе го порази Израелот, и тој ќе биде како трска, која се лула во водата’...

Меѓутоа, Господ не го напуштил Израел а претходно да не направи сè што може да се направи за да ги врати на патот на послушноста. Во текот на многуте мрачни години, додека царевите еден по друг смело му се противеле на небото и го воделе Израелот сè подлабоко во идолопоклонство, Бог на својот отпаднички народ постојано му праќал опомени. Тој преку своите пророци им давал можности да го сопрат бранот на отпадништво и да Му се вратат. Во годините кои му претходеле на распаѓањето на царството, живееле и работеле Илија и Елисеј: потоа во земјата се чуле нежните повици на Осија, Амос и Авдиј. Никогаш Израеловото царство не било без благородни сведоци кои потсетувале на Божјата сила која спасува од грев.“ — *Пророци и цареви, 108*

**в. Која вест треба неустрашиво да ја пренесуваме — исто како Амос и како што тоа го правел и Јован Крстител? Амос 4:12 (последниот дел); Матеј 3:1,2.**

---

„Како народ кој верува во скорото Христово доаѓање, ние мораме да ја објавиме пораката: ‘Подготви се, Израиле, да го пресретнеш својот Бог’ (Амос 4:12). Нашата порака мора да биде исто онака непосредна како што била и Јовановата. Тој ги укорувал царевите заради нивното беззаконие. И иако заради тоа животот му бил во опасност, тој не се воздржувал да го објави Божјото Слово. И нашето дело во овој век мора да биде исто така верно извршено.

За да ја објавиме таква вест каква што објавил Јован, мораме да имаме духовно искуство какво што имал тој. Во нас мора да се изврши истото дело. Мораме да го видиме Бога и гледајќи го Него да се изгубиме од вид себеси.“ — *8. Сведоштво, 332,333.*

**а. Зошто е Бог единствен во вселената, и кои усрдни повици ја откриваат Неговата силна желба да им го дарува најдоброто на кротките? Амос 4:13; 5:6–9,14.**

---

**б. Додека Амос ги споделувал овие вистини, како постапувале кон него — и каков обично бил исходот на таквите предупредувања и повици? Амос 5:10,15–18.**

---

„Но најголемиот дел од оние кои што го слушнале овој повик (на Амос) одбил да го искористи тоа." — *Пророци и цареви, 284.*

**в. Кои укори во врска со начинот на живот треба да претставуваат повик за будење? Амос 6:1,3–7.**

---

„Има непријатни должности кои некој мора да ги изврши или душите ќе бидат препуштени да пропаднат. За христијаните и таквите должности, колку и да изгледаат непријатни, претставуваат благослов. И Христос презел на Себе многу непријатна задача: го напуштил престојувалиштето на чистота и ненадминлива слава за да живее меѓу луѓето, во светот потонат во зло, насилство и беззаконие. Тој се согласил на сето тоа за да ги спаси душите; и зар тогаш оние кои се предмет на толку восхитувачка љубов и неспоредливо снижување можат да најдат било каков изговор за својата себичност? Зар, барајќи само задоволства и поведувајќи се по личните склоности, ќе ги пуштат душите да пропаѓаат во темнината на заблудата само за во настојувањето да ги спасат да не наидат на разочарување и одбивање? Христос платил неизмерна цена на откупување за човекот и зар сега човекот треба да каже: „Господару, не сакам да работам во Твоето лозје: те молам, ослободи ме?"

Сите оние во Сион кои мислат само на својата удобност, Бог ги повикува да започнат со работа. Зар да не го послушаат гласот на својот Господ? Тој бара побожни и верни работници, луѓе од молитва, подготвени да сеат „покрај секоја вода". Оние кои така работат ќе бидат изненадени кога ќе увидат како неволите - храбро поднесени во Христово име и во Негова сила - даваат цврстина на нивната вера и им влеваат нова сила. На патеката на оние кои се понизни и секогаш подготвени на послушност се наоѓа сила и сигурност, утеха и награда; но платата на оние кои не прават ништо за Господа на крајот ќе биде вечна загуба. Слабите раце иизнемоштените колена на таквите нема да бидат во состојба да се држат до Семоќниот и да опстанат во времето на криза. Оние кои даваат библиски часови и христијанските работници ќе примат славна награда и ќе ги слушнат зборовите: „Добро направено, добар и верен слуго... влези во радоста на својот Господар! " — *4. Сведоштво, 76*.

**а. Што открива дека Божјите повици упатени преку Амос биле непожелни за Амасија, идолопоклоничкиот свештеник? Амос 7:10–13.**

---

---

„Зборовите на Божјиот гласник биле во таква спротивност со желбите на закоравените грешници, што свештеникот кој што служел на идолите во Ветил му пратил порака на Израеловиот цар: 'Амос се завери против тебе сред Израеловиот дом; земјата веќе не ќе може да ги поднесува сите неговите зборови'. (Амос 7:10)." — *Пророци и цареви, 284*.

„Претскажаните казни за некое време изостанале и Израеловата војска во текот на долгото владеење на царот Јеровоам II задобила големи победи; но тоа време на привиден напредок нè довело до никакви промени во закоравените срца, така што најпосле е изречена пресуда: 'Јеровоам ќе загине од меч, а Израел од својата земја ќе биде одведен во заточение' (Амос 7:11).

Иако страшна, оваа осуда не оставила никаков впечаток врз царот и народот, бидејќи биле длабоко навлезени во грев." — *Пророци и цареви, 286.*

**б. Како Амос храбро одговорил на непријателските забелешки на Амасија — и како подоцна се исполниле зборовите на пророкот? Амос 7:14–17; 1. Летописи 5:25,26.**

---

---

„Зборовите изговорени против отпадничките племиња буквално се исполниле но сепак царството постепено било уништено...

Асирскиот цар Теглат-Феласар навлегол во Израел и однел во ропство голем број луѓе од племињата кои живееле во Галилеја и источно од Јордан. 'Рувимовците и Гадовците и половина од племето Манасија', како и други жители на 'Галад и Галилеја и сета Нефталимова земја' биле расеани помеѓу незнабошците, во земји далеку од Палестина.

Северното царство никогаш повеќе не закрепнало од овој страшен удар. Она малку од него што останало имало некоја формална независност но без никаква реална власт." – *Пророци и цареви, 287.*

**в. Кога сме во искушение да помислиме дека Бог ја премолчува немарноста во срцето на некој што само се изјаснува како верник, на што нè потсетува Тој. Амос 8:1–7; Евреите 4:12.**

---

---

---

## 5. НАЈГОЛЕМАТА ГЛАД ДОСЕГА

Четврток, 5. фев

**а. Опишете ја сцената на духовната глад што наскоро ќе дојде. Амос 8:3,11,12.**

„Светот пропаѓа заради недостиг на евангелие. Постои глад за Божјата реч. Малку се оние што ја проповедаат Речта неизвалкана со човечка традиција, со човечко предание.“ — *Христовите поуки, 228.*

„’Песните во храмот во оној ден ќе се претворат во плачење, вели Господ Бог; ќе има многу трупови, ќе ги фрлаат насекаде молчешкум’ (Амос 8:3).

Овие зла нема да бидат сеопшти, зашто инаку сите земни жители би биле уништени. Сепак, тие ќе бидат најстрашни казни кои смртниците некогаш ги доживеале.“ — *Големата борба, 628.*

„Оние кои не го вреднуваа Божјиот збор брзаат на сите страни, од море до море, од север до исток за да го бараат Зборот Божји. Ангелот рече: ‘Тие нема да го најдат. Владее глад во земјата; не глад за леб, ниту жед за вода, туку за слушање на зборовите Господови. Што се тие би дале за еден збор на Божјото одобрување! Меѓутоа напразно, тие мора да бидат гладни и жедни. Ден зад ден тие не го вреднуваа спасението, вреднувајќи ги земните богатства и земните задоволства повеќе од кое и да е небесно богатство или зборови кои на тоа укажуваат. Тие го отфрлија Исуса и ги презреа Неговите светии. Нечистиот мора да остане нечист засекогаш’.

Многу од злите, мошне се разбеснија страдајќи од ефектите на злата. Тоа беше сцена на ужасна агонија. Родителите горчливо ги укоруваа своите децата и децата своите родители, браќата своите сестри и сестрите своите браќа. Гласни завивања беа слушнати од секој правец: ‘Ти ме спречуваше да не ја примам вистината која ќе ме спасеше од овој ужасен час’. Луѓето се свртеа кон своите проповедници со горчлива омраза, укорувајќи ги, велејќи им: ‘Вие не нè предупредивте. Вие ни рековте дека светот ќе се обрати, и викавте: Мир, Мир за да го замолчите секој страв што беше подигнат. Вие не ни укажавте за овој час, и оние кои што не предупредуваа вие ги прогласувавте за фанатици и зли луѓе, тврдејќи дека тие би не упропастиле’. Меѓутоа јас видов дека проповедниците не го одбегнаа гневот Божји. Нивните страдања беа десет пати поголеми од оние на нивните членови.“ — *Рани списи, 281,282.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 6. фев

1. **Што е неопходно за да постои слога во еден однос?**
2. **Што ми е потребно за да бидам „главња истргната од оган“?**
3. **Зошто Амос бил поттикнат да го укори начинот на живот на многумина во Израел?**
4. **Кога непријатни вести доаѓаат од вдахновен извор, што треба да направам?**
5. **Кое предупредување од Амос 4:11–12 треба сериозно да го сфатам и да го послушам?**

# Силата во покајанието

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Кога животот ми згаснуваше, се сетив на Господ, и молитвата моја стигна до Тебе, до светиот храм Твој“ (Јона 2:7).

**Предлагаме да прочитате:** *Рани списи, 269-273; 5. Сведоштво, 62-84.*

„Свеченото сведоштво од кое зависи судбината на црквата премногу лесно е сфатено, ако не и целосно запоставено. Тоа сведоштво мора да предизвика длабоко покајание; сите кои навистина ќе го примат ќе му се покорат и ќе бидат прочистени.“ — *Рани списи, 270.*

## 1. РЕШЕТАЊЕТО КОЕ ПРОСЕЈУВА

Недела, 8. фев

**а. Бидејќи толку многу зло е измешано со доброто, што прави Бог? Амос 9:9.**

---

„Јас запрашав за значењето на решетањето кое го видов и ми беше покажано дека тоа ќе биде предизвикано од отвореното сведоштво кое се заснова на советот на Верниот Сведок упатен до Лаодикеја. Тоа ќе има влијание врз срцата на примателите, и ќе ги наведе да го зголемат стандардот и да исповедаат чиста вистина. Некои нема да го поднесат ова отворено сведоштво. Тие ќе се подигнат против него, и тоа ќе предизвика решетање помеѓу Божјиот народ.“ — *Рани списи, 270.*

„Меѓу оние што тврдат дека се Божји народ има и луѓе со изопачено срце; но и тие ќе бидат проверени и испитани. Бог го чита срцето на секој поединец и ќе ги изнесе на виделина скриените дела на темнината, дела кои најчесто се појавуваат таму каде најмалку се сомневаме, и така ќе се отстранат камењата за сопнување што го попречуваат напредувањето на вистината; и Бог за објавување на Своите закони и Своите судови ќе има чист и свет народ.“ — *1. Сведоштво, 133*.

„Бог го решета Својот народ. Тој сака да има чиста и света црква. Ние не можеме да ги чистиме срцата на другите луѓе, но Господ предвидел средства и начини Својата црква да ја одржи чиста. Се појавуваат изопачени луѓе кои не можат да живеат со Божјиот народ. Тие ги презираат укорите и не сакаат било кој да ги поправа. Имаа можност да увидат дека тоа што го прават е само неправедно војување. Имаа време да ги отплатат своите заблуди, но на нив сопственото ‘јас’ им беше премногу мило за да дозволат тоа да умре.“ — *1. Сведоштво, 99*.

**а. Како Бог постапува со оние што се горди? Амос 9:2; Авдиј 1:3,4.**

„Самовозвишувањето претставува голема опасност. Тоа осквернува сè што ќе допре. Тоа е плод на гордоста и дејствува толку вешто што, ако будно не се чуваме, ќе ги обземе сите мисли и ќе завладее со нашите постапки.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 962*

**б. Каков град бил Ниневија — и што направил пророкот Јона кога Бог го испратил да проповеда таму? Јона 1:1–3.**

„Размислувајќи за тешкотиите и слабите изгледи за својата мисија Јона паднал во искушение да се запраша дали е мудар овој повик. Од човечка гледна точка, се чинело дека нема ништо да се постигне со проповедање на ваква вест во тој горд град. Тој во тој момент заборавил дека Бог на кого му служи е сезнаен и семоќен...

Должноста која му била поверена на Јона претставувала голема одговорност, но оној кој му наредил да оди бил во состојба да го поддржи својот слуга и да му подари успех. Да се покорел пророкот без приговор, би си заштедил себеси многу горчливи искуства и би примил голем благослов. Но, Господ не го оставил Јона во часот на неговото очајание. Цела низа на искушенија и необични случки ја повратиле пророковата вера во Бога и Неговата бескрајна моќ да спаси.“ — *Пророци и цареви, 266,267*.

**в. Како Бог често ја открива Својата љубов така што го попречува нашиот пат? Јона 1:4,7–12.**

„Твојот пат беше ограден и од лева и од десна страна за да се спасиш од пропаст. Господ го принуди твојот самоволен и нескротлив дух да Му се потчини. Со суд и со милост доведен си до покајание; како Јона, побегна од својата должност на море. Бог ти го попречи патот во Своето провидение.“ — *2. Сведоштво, 423.*

**а. На кој начин Божјата семоќ им беше откриена на морнарите, и како реагираа тие? Јона 1:13–16.**

______________________________________________

______________________________________________

**б. Кој бил Божјиот план за Јона, и што се молел бегалецот додека бил во утробата на рибата? Јона 2:1–5.**

______________________________________________

______________________________________________

**в. Опишете ја длабочината на Јониното покајание пред Бога. Јона 2:6–10. Како Господ одговорил на Своето понизно дете? Јона 2:11.**

______________________________________________

______________________________________________

„Најпосле Јона увидел дека „спасението е од Господа”. (Псалм 3:8). По покајанието и признавањето на Божјата сила дошло избавување. Јона бил ослободен од страшните длабочини и бил исфрлен на суво.“ — *Пророци и цареви, 269*

**г. Како можеме да бидеме охрабрени од новиот чекор што го презеде Јона — слично на еден млад мисионер од Новиот завет? Јона 3:1–3; Дела 15:36–39.**

______________________________________________

______________________________________________

„Тој се загрижувал Марко да не отстапи наполно од службата, зашто кај него видел особини што можеле да го престорат во корисен работник за Христа. Во подоцнежните години неговото залагање за Марко било богато наградено, зашто тој млад човек со сето срце му се предал на Господа и на делото на евангелието на тешко пристапни полиња за работа.“ — *Делата на апостолите, 170.*

„Времето е кратко и тоа што го работите, работете го брзо. Одлучете добро да го искористите преостанатото време. Немојте да копнеете за сопствена удобност. Пробудете се! Фатете се за работа со нова решителност во срцето. Господ ќе го расчисти патот пред вас. Трудете се со сите сили да одите по Христовите стапки, бидете кротки и понизни, и Тој нека биде ваша сила. Морате да ја сфатите задачата што ви ја дал Господ. Морате да се надевате на Бога, и тогаш секој ден сѐ повеќе ќе напредувате во силата и благодатта. Тогаш ќе се оспособите вредно и усрдно да работите за својот народ додека уште трае денот, зашто доаѓа ноќ кога никој нема да може да работи.“ — *9. Сведоштво, 200*.

**а. Што открива дека на Јона му беше потребна храброст за да Го послуша Бога? Јона 3:4.**

---

„За време на тој материјален напредок Ниневија била средиште на зло и безбожништво. Духот на пророштвото го опишал како ‘крвнички град, ... полн е со лаги и грабеж’. Пророкот Наум со својот сликовит јазик ја опишал Ниневија како свиреп, ненаситен лав. ‘Кон кого’, запрашал тој, ‘ли не премина твојата злоба постојано?’ (Наум 3:1,19).“ — *Пророци и цареви, 265.*

**б. Опишете како Бог моќно го благослови делото на Јона — и објаснете зошто одлуката што ја донесоа Ниневјаните треба да нè разбуди и нас. Јона 3:5–10.**

---

---

„Сепак Ниневија, и покрај својата грешност, не била сосема потоната во зло. Оној кој ‘ги гледа сите човечки синови’ (Псалм 33:13) и ‘го гледа секое прекрасно нешто’ (Јов 28:10), видел во тој град многу луѓе кои тежнееле за нешто подобро и повозвишено; луѓе кои, кога би им се дала прилика да го запознаат живиот Бог, би го оставиле лошиот пат и би почнале да Му служат Нему.“ — *Пророци и цареви, 265*.

„Кога Јона на улиците на Ниневија објавувал дека градот во рок од четириесет дни ќе биде уништен, Бог го примил покајанието на жителите на Ниневија и го продолжил нивното време на милост; сепак, веста на Јона била пратена од Бога, а Ниневија испитана според Неговата волја.“ — *Големата борба, 406*.
„Кој знае, можеби верните и непоколебливи проповедници ќе бидат последни кои ќе го шират евангелието на мирот на нашите неблагодарни цркви? Можеби уништувачите веќе вежбаат под раководство на сатаната и само го чекаат заминувањето на уште неколку знаменосци за да ги заземат своите места и со гласот на лажниот пророк да повикаат: „Мир, мир,“ кога Господ не рекол дека е мир. Јас ретко плачам, но сега моите очи се заслепени од солзи; тие паѓаат врз мојата хартија додека пишувам. Можеби наскоро ќе дојде крај за сите пророштва меѓу нас и можеби, гласот кој го поттикнуваше народот, нема повеќе да го нарушува неговиот телесен сон.

Кога Бог повеќе нема да го врши Своето чудесно дело на земјата, кога светите раце нема повеќе да бидат над ковчегот, тогаш тешко му на народот. О, кога би можел во овој ден да го дознаеш она што е потребно за твојот мир! О, кога нашиот народ би се покајал со сите сили, како Ниневијците, и кога со целото свое срце би верувал за Бог да го одврати од него Својот жесток гнев!“ — *5. Сведоштво, 77*

## 5. НИНЕВИЈА ПОВТОРНО ДЕНЕС

Четврток, 12. фев

**а. На кој начин повторно се откри човечката слабост на Јона? Јона 4:1–3.**

---

„Бидејќи осознал дека Бог го поштедил градот, кој за несреќа на својата безбожност се покајал во кострет и пепел, Јона требало прв да се израдува на неочекуваната Божја милост. Меѓутоа, тој наместо тоа размислувал како сега ќе го сметаат за лажен пророк. Со желба да се сочува на добар глас, ја изгубил од вид бескрајно големата вредност на душите во тој беден град...

Повторно се предал на својата наклонетост да прашува и да се сомнева, и повторно бил совладан од обесхрабрување.“ — *Пророци и цареви, 271.*

**б. За разлика од Јона, зошто можеме искрено да се радуваме кога душите ќе се покаат? Јона 4:4,11.**

„Оваа поука е наменета на денешните Божји гласници, кога на градовите од сите земји им е исто така неопходно да ги запознаат својствата и намерите на вистинскиот Бог, како што тоа некогаш им било потребно на старите Ниневијци. Христовите претставници треба да им укажат на луѓето на еден поблагороден свет кој во големо е загубен од вид.“ — *Пророци и цареви, 274*.

„Божјите гласници во големите градови не смеат да губат храброст заради беззаконијата, неправдите и расипаноста со кои мораат да се соочуваат при објавувањето на радосната вест за спасението. Господ ќе го разведри секој таков работник со онаа иста вест која му ја дал на апостол Павле во безбожниот Коринт: „Не бој се, но зборувај и не замолкнувај, зашто Јас сум со тебе! И никој нема да те сопре, за да ти направи некакво зло, зашто имам многу народ во овој град”. (Дела 18:9,10)... Во секој град, колку и да е полн со насилство и зло, има многу такви кои, ако бидат поучени како што треба, ќе постанат Исусови следбеници.“ — *Пророци и цареви, 277*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 13. фев

1. **Зошто е неопходно разделувањето што го носи решетањето?**
2. **Кои ситуации во мојот живот ми покажале дека Бог е Тој што ја има контролата, а не јас?**
3. **Кога сум во искушение да помислам дека Бог не ме слуша, што ме учи искушението низ кое помина Јона?**
4. **Иако Ниневија подоцна беше уништена, зошто тоа не се случи во рок од четириесетте дена?**
5. **Што треба да имам на ум во врска со душите кои живеат во злите градови околу мене?**

# Божјиот план за обнова

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Народе Мој, што ти направив и со што ти дотегнав? Одговори Ми. Јас те изведов од египетската земја, те ослободив од куќата на ропството“ (Михеј 6:3,4 прв дел).

**Предлагаме да прочитате:** *Големата борба, 253-264.*

„Ниеден земен родител не се залага толку срдечно за своето заблудено дете како што Оној кој нè создал, се залага за престапникот.“ — *8. Сведоштво, 275.*

## 1.КРИЗА ВО ЈУДА

Недела, 16. фев

**а. Што сè се случувало во Јуда кога Ахаз се искачил на престолот? 2 Цареви 16:2–4.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Со доаѓањето на Ахаз на престолот, за Исаија и неговите следбеници настапиле речиси полоши услови отколку некогаш порано во Јудиното царство. Мнозина кои некогаш се противеле на измамничките влијанија на идолопоклонството сега биле убедени да учествуваат во службата на незнабожечките богови. Израеловите кнезови се покажале неверни; лажни пророци се појавувале со вести кои оттргнувале од вистинскиот пат; некои свештеници дури проповедале за пари. Меѓутоа, сепак водачите на отпадништвото сè уште ги одржувале богослуженијата и тврделе дека се вбројуваат во Божјиот народ.“ — *Пророци и цареви, 322.*

**б. Како Бог одговорил на овие гадости? Еремија 7:30–34.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Со изопачените поими за божествените својства, незнабожечките народи биле наведени да веруваат дека е потребно и луѓе да се принесуваат на жртва за боговите да се умилостиват. Заради тоа биле воведени најсвирепи грозомори во разни облици на идолопоклонство. Меѓу тие и таквите грозомори бил и обичајот поклониците пред своите идоли да ги водат низ оган своите деца... Во времето на големите застранувања, овие обичаи во извесна мера владееле и меѓу Израелците.“ — *Патријарси и пророци, 337.*

**а. Освен Исаија и Еремија, кого уште го повикал Бог да пророкува на Јуда — и зошто? Михеј 1:1–5; 2:1,2,7.**

**б. За време на владеењето на Езекија, синот на Ахаз, како требало Михеј да се соочи со лажните пророци — и зошто тоа е потребно и денес? Михеј 3:5–8; 2. Тимотеј 4:3,4.**

---

„Кога Бог на светот му праќа толку важни опомени, што се претставени со ангели кои летаат среде небото и ги објавуваат, тогаш Тој бара од секое разумно суштество будно да внимава на веста. Страшните судови што ќе бидат изречени против оние што ќе му се поклонуваат на ѕверот и на неговиот лик (Откровение 14:9-11) треба сите да ги поттикнат кон трудољубиво проучување на пророштвата за да дознаат што е жиг на ѕверот и како можат да избегнат да го примат. Но мнозинството луѓе ги одвраќаат ушите да не ја слушнат вистината и се свртуваат кон прикаски. Апостол Павле за последните денови рекол: ‘Зошто ќе дојде време кога луѓето нема да го слушаат здравото учење’ (2. Тимотеј 4:3). Тоа време веќе дошло. Луѓето не ја сакаат библиската вистина бидејќи таа се коси со желбите на грешното срце што го љуби светот, а сатаната им нуди измами што тие ги сакаат.

Но Бог на земјата ќе има Свој народ кој ќе внимава на Библијата, и само на Библијата, како мерило за секое учење и темел на секоја реформа. Ниту мислењата на учените луѓе, ниту тврдењата на науката, ниту верските догми или одлуки на црковните собори, толку многубројни и спротивни како и црквите што ги застапуваат, ниту гласот на мнозинството - ниту едно од ова, ниту сите заедно не можат да се сметаат како доказ за или против која и да е точка на верата. Пред да прифатиме кое било учење или пропис, треба да се увериме дека е во согласност со она јасното: ‘Така кажува Господ.’“ — *Големата борба, 594,595.*

**в. Опишете ја опасноста од самоправедна исклучивост. Михеј 3:9–12.**

„’Чујте ме сега, поглавари на домот Јаковов, и кнезови на домот Израелов, вие, кои се гнасите од правдата и што искривувате сѐ што е право. Вие, кои го градите Сион со крв и Ерусалим со неправда. Поглаварите негови судат со поткуп, свештениците учат за да заработат, а пророците пророкуваат за пари, и сепак се повикуваат на Господ, велејќи: Нели е Господ меѓу нас; затоа зло нема да нѐ постигне’ (Михеј 3:9-11).

Овие зборови, точно ја опишуваат расипаноста и самоправедноста на Ерусалимските жители. Иако тврделе дека строго се придржуваат до прописите на Божјиот закон, тие всушност ги престапувале сите Негови начела...

Иако својот Спасител го убиле само затоа што ги жигосал нивните гревови, во слепилото на својата самоправедност сѐ уште мислеле дека како од Бога избран народ со право можат да очекуваат Тој да ги ослободи од нивните непријатели.“ — *Големата борба, 27.*

**а. Што ја одложило казната што ја предвидел Михеј — и како тоа ја одразува Божјата милост? Еремија 26:18,19.**

---

---

**б. Кое ветување им го дава Бог на оние што победуваат — и како тоа укажува на обновата на Едем? Михеј 4:1,2,6–8.**

---

---

---

„Бидејќи успеал човекот да го одврати од патот на послушноста, сатаната станал ’богот на овој свет’. (2. Коринтјаните 4:4). Власта која некогаш му припаѓала на Адама, ја пригр631 измамникот. Но Божјиот Син одлучил да се симне на земјата и да ја плати казната за гревот, и така не само да го откупи човекот туку и да го поврати изгубеното царство. Токму на тоа мислел пророкот Михеј кога рекол: ‘И ти Стражарнице на стадата, Тврдино на Сионската ќерка, при Тебе ќе се врати поранешната власт’ (Михеј 4:8).“ — *Пророци и цареви, 682.*

„Големиот интерес на луѓето при донесувањето на одлуките во земните судови претставува само бледа слика на огромниот интерес што владее на небесниот суд кога пред Судијата на целиот свет ќе се изнесат на испитување имињата запишани во книгата на животот. Божествениот Застапник посредува за сите што победиле со вера во Неговата крв за да им бидат простени престапите и пак да бидат вратени во Едем, и како сонаследници „на поранешното владение“ да бидат крунисани заедно со него (Михеј 4:8). Со своите настојувања луѓето да ги искуша и да ги измами, сатаната имал намера да го осуети божествениот план при создавањето на човекот; но сега Христос се моли овој план да биде остварен така како човекот никогаш да не паднал. Тој за Својот народ не бара само целосно проштевање и оправдување, туку и учество во Неговата слава и место на Неговиот престол.“ — *Големата борба, 483*.

**в. На кој начин Михеј и другите пророци прорекле за оваа конечна победа? Михеј 4:10–12.**

---

„Пророците на кои им биле откриени овие големи сцени копнееле да го разберат нивното значење...

За нас кои стоиме на прагот на нивното исполнување, колку длабоко значење имаат и колку жив интерес разбудуваат овие описи на она што ќе дојде - описи на настаните кои Божјите деца ги очекувале, на кои внимавале, по кои копнееле и за кои молеле откако нашите прародители ја напуштиле Едемската градина!“ — *Воспитување, 183*.

**а. Во изобилното излевање на Божјата милост, на кој начин се исполнило пророштвото од Михеј 5:1,2 што ја открива вечната божествена природа на Христос — и како сепак била занемарена неговата убавина? Матеј 2:3–6.**

_______________________________________________________________

„Така Господ преку патријарсите и пророците, како и преку модели и симболи му говорел на светот за доаѓањето на Оној кој луѓето ќе ги ослободи од гревот. На други низ пророштва им укажувал за доаѓањето на 'Копнежот на сите народи'. (Агеј 2:7). Било точно назначено дури и местото на неговото раѓање и времето кога ќе се појави. Синот Давидов мора да се роди во градот Давидов." — *Пророци и цареви, 697.*

„Во времето на првото Христово доаѓање, свештениците и книжевниците на Светиот град, луѓе на кои им бил доверен светиот залог на Божјите пророштва, можеле да ги препознаат знаците на времето и први да го проповедаат доаѓањето на ветениот Месија. Пророштвото на Михеј го означило местото на Неговото раѓање; Даниел го објавил времето кога Месијата ќе се појави (Михеј 5:2; Даниел 9:25). И двете пророштва Бог им ги доверил на еврејските водачи; и тие со ништо не можеле да се оправдаат, затоа што не знаеле и што не му објавиле на народот дека доаѓањето на Месијата е пред вратата. Нивното незнаење било само последица на грешното занемарување на пророштвата. Евреите, им подигале споменици на убиените пророци, а додворувајќи им се на големите световни луѓе, им давале почести на слугите на сатаната. Обземени со своето честољубие и со борбата за положба и власт, сосема од вид ги изгубиле божествените почести што им ги понудил Небесниот Цар." — *Големата борба, 313*

**б. Што било откриено како Божји план за остатокот од Израел? Михеј 5:7.**

„Оној што е во мир со Бога и со своите ближни не може да биде несреќен. Во неговото срце нема да има завист; злите претпоставки тука немаат место, а омразата не може да постои. Срцето кое е во хармонија со Бога има удел во небесниот мир, а неговото благословено влијание се шири на сите страни. Духот на мирот почива како роса на срцата кои се уморни и измачени од земните судири.

Христовите следбеници се испратени по светот со порака на мир. Секој оној кој со тивко и несвесно влијание на светиот живот ќе ја открие Христовата љубов; секој оној кој со збор или дело ќе го наведе другиот да се откаже од гревот и своето срце да му го предаде на Бога, е миротворец...

Нив ги опкружува пријатниот Христов мирис. Пријатниот здив на животот и убавината на карактерот му го откриваат на светот фактот дека тие се Божји деца." — *Мисли од горапа, 27,28.*

## 5. ГОСПОДОВАТА ПРАВЕДНОСТ

Четврток, 19 фев

**а. Кој прекрасен повик го упатил Михеј за време на владеењето на Ахаз, повикувајќи го заблудениот Израел да се врати во својата верност кон Бога? Михеј 6:2–5.**

---

„Бог има спор со сите што вршат дури и најмала неправда; зашто така постапувајќи, го отфрлаат Божјиот авторитет и ја доведуваат во опасност можноста за помирување и спасение со откупувањето што Христос го презеде за секој син и ќерка на Адам. Дали вреди да се оди по пат што Му е одвратен на Бога? Дали вреди да ставате туѓ оган во своите кадилници и да го принесувате пред Бога, па рамнодушно да тврдите дека тоа не е важно?“ — *Testimonies to Ministers, p. 373*.

**б. Која длабока, искрена молба на многу луѓе Бог сака да ја услиши? Михеј 6:6,7; Еремија 8:22; Јован 1:29.**

---

---

„Не е доволно да се почувствува Божјата благост, да се види добронамерноста и татковската нежност на Неговиот карактер. Не е доволно да се препознае мудроста и праведноста на Неговиот закон, да се разбере дека е втемелен врз вечното начело на љубовта. Апостол Павле сето тоа го видел кога извикал: ‘Се согласувам со Законот дека е добар!’ ‘Законот е свет, и заповедта света, справедлива и добра!’ Но, исполнет со горчината на своите душевни маки и со очај, додава: ‘А јас, пак, сум телесен, продаден на гревот како роб!’ (Римјаните 7:16,12,14). Тој копнеел за чистота, праведност, кои не можел да ги постигне со своја сила, и извикнува: ‘Колку несреќен човек сум јас! Кој ќе ме избави од ова тело на смртта?’ (Стих 24). Истиот извик им се истргнувал од обременените срца во сите земји и во сите векови. За сите, постои само еден одговор: ‘Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!’ (Јован 1:29).“ — *Патот кон Христа, 18,19*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 21. фев

1. **На која историја треба да бидеме свесни кога ги планираме нашите богослужби?**
2. **Кои одлики треба да ги карактеризираат доктрините на Божјата црква во последните денови?**
3. **Зошто Михеј можел да биде исполнет со надеж за иднината?**
4. **Објасни ја спротивноста меѓу Евреите во Христовото време и последниот остаток.**
5. **Што му овозможува на Бога да допре до срцето на Своите заблудени деца?**

# Веќе знаеме што треба да направиме!

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Човеку, објавено ти е, што е добро, што бара Господ од тебе: да се прави само правда, да се љуби милосрдието и да се оди смирено со својот Бог“ (Михеј 6:8).

**Предлагаме да прочитате:** *4. Сведоиштво, 306-313.*

„Бог ги прифаќа оние кои понизно и потполно се потпираат на Него и молитвите на таквите со задоволство се слушаат; а кога Бог помага, сите препреки можат да се совладаат .“— *4. Сведоштво, 539*.

## 1. ВО БОЖЈИТЕ ОЧИ — Недела, 22. фев

**а. Со кое едноставно објаснување бил повикан пророкот Михеј да ја сумира нашата должност кон Бога? Михеј 6:8.**

____________________________________________

____________________________________________

„Божјата реч и Неговиот закон, запишани во душата и манифестирани во посветен и побожен живот, имаат голема моќ и влијание во осведочување на светот. Лакомството, кое претставува идолопоклонство, и зависта и љубовта кон светот ќе бидат искоренети од срцата на оние кои се послушни на Христа и кои наоѓаат задоволство во тоа да прават што е добро, да ја љубат милоста и да одат понизно пред Бога. О, што сè опфаќа поимот: да се оди понизно пред Бога! Божјиот Закон, кога е запишан во срцето, ги доведува умот и волјата во потполна потчинетост на Христа.“ — *3. Сведоштво, 201*.

**б. На кој начин нè потсетува Библијата на потребата од непоколеблив интегритет? Михеј 6:11.**

____________________________________________

____________________________________________

„Незначителното застранување од вистината, малото отстапување од Божјите барања се смета како нешто што и не е толку голем грев кога е во прашање финансиска добивка или пак загуба. Меѓутоа, гревот е грев, било да го прави милионер или просјак на улица. Оние кои на нечесен начин го зголемуваат имотот, ја изложуваат својата душа на осуда и неодобрување на небото.“ — *4. Сведоштво, 311*.

**а. Каков јасен опис ни дава Михеј за состојбата на оние што во негово време тврделе дека се Божји народ? Михеј 7:2–4.**

„Тоа навистина било време на големи опасности за избраниот народ. Дури по неколку кратки години, десетте племиња на Израеловото царство биле растурени меѓу незнабожечките народи. Јудиното царство не можело да очекува ништо подобро. Силите на доброто рапидно слабееле а силите на злото се умножувале.“ — *Пророци и цареви, 324.*

**б. Кој поглед ни помага да останеме насочени кон нашата потреба од Бога? Михеј 7:5–7; Псалм 60:11.**

**в. Опишете ја драгоцената надеж за која сите имаме привилегија да се фатиме преку вера. Михеј 7:8,9.**

„Небесниот план за спасението е доволно опсежен за да го опфати целиот свет. Бог сака на оттргнатото човештво да му го вдахне духот на животот. И Тој нема да дозволи ниту една душа која искрено тежнее за нешто возвишено и благородно од она што светот може да пружи, да остане разочарана. Бог непрестано им ги испраќа Своите ангели на оние кои, иако во многу неповолни ситуации, упатуваат молитви со вера тежнеејќи да се потчинат на вишата сила која ќе им донесе спасение и мир. Бог ќе им се открие на разни начини и со своето провидение ќе ја засили нивната доверба во Оној кој се жртвувал за да ги искупи сите, ‘за својата надеж да ја положат во Бога, и да не ги заборават Божјите дела, туку да ги исполнуваат Божјите заповеди’ (Псалм 78:7).“ – *Пророци и цареви, 377*

**г. На кој начин Михеј јасно го возвишува Божјиот карактер? Михеј 7:18–19.**

„Каква величествена вистина! Праведен на сопствениот Закон, а сепак ги оправдува сите оние што веруваат во Исуса.“ – *Мисли од горатa, 116.*

**а. Како можеме да ја сумираме совршената рамнотежа во Божјиот карактер? Наум 1:3.**

---

„Тој, кој живее во небесното Светилиште, суди праведно. Тој повеќе ужива во Својот народ, кој се бори со искушенијата во овој грешен свет, отколку во мноштвото ангели што го опкружуваат Неговиот престол.“ — *Христовите поуки, 176*.

„Божјото трпение е прекрасно. Праведноста долго чека додека милоста го повикува грешникот.“ — *Христовите поуки, 177.*

**б. Кога ќе сфатиме дека Божјата милост е од пресудно значење за нашето постоење, на што уште треба постојано да се потсетуваме? Наум 1:5-8.**

---

„Бог долго трпи и Нему не Му е по волја некој да загине; но и Неговото трпение има граница, и кога таа граница ќе се премине — второ време на милост повеќе нема да има. Неговиот гнев ќе се разгори така што повеќе нема да има лек.

Кога луѓето, имајќи власт во свои раце, ќе ги угнетуваат и лишуваат од права своите ближни најнемилосрдно, кога на ниту еден земен суд нема да има правда — тогаш Бог ќе стане во одбрана на оние што немаат можност сами да се одбранат. Тој ќе ја казни секоја постапка на угнетување и неправда. Оние што вршат насилство и неправда, нема да можат да се заштитат од Божјата казна со никакви човечки измислици. Ако луѓето, наместо на Творецот, се потпираат на земната власт и сила, воздигнувајќи се во својата гордост и самодоверба, Бог ќе ги понижи и направи презрени кога ќе дојде времето.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 7, p. 946*.

„Светот станал дрзок во престапот на Божјиот закон. Поради Неговата долга трпеливост, луѓето го погазиле Неговиот авторитет. Се поддржувале едни со други во угнетувањето и во свирепоста кон Неговото наследство, велејќи: ‘Како ќе дознае Бог, и има ли знаење во Севишниот?’ (Псалм 73:11). Но, постои линија преку која тие не можат да преминат. Наближува времето кога тие ќе ја достигнат пропишаната граница. Дури и сега тие речиси ја надминале границата на Божјото долго трпение, границата на Неговата благодат, границата на Неговата милост. Господ ќе се вмеша да ја оправда Својата чест, да го избави Својот народ и да му стави крај на беззаконието кое е во силен подем.“ — *Христовите поуки, 177.*

**в. Како знаеме дека гревот нема повторно да се појави на новата Земја? Наум 1:9.**

**а. Кој призор го опишува Наум како показател за последните денови пред Христовото враќање — и на какво преиспитување на нашите приоритети треба тоа да нè наведе во ова време на постојана брзина и трка? Наум 2:3,4; Јован 9:4.**

---

---

„Огласете тревога во целата земја. Кажете му на народот дека денот на Господ е близу и брза со голема сила. Нека не остане ниту еден непредупреден... Немаме време за губење. Силите на темнината дејствуваат со силна енергија, а сатаната со тивки чекори се прикрадува за да ги зграпчи како плен оние што сега спијат, како волк што ја лови својата жртва. Сега имаме опомени што можеме да ги упатиме и дело што можеме да го извршиме, но наскоро тоа ќе стане потешко отколку што можеме да замислиме...

Господовото доаѓање е поблиску отколку кога првпат поверувавме. Големата борба се приближува кон својот крај. Секој извештај за несреќи на море или на копно сведочи дека крајот се приближува. Војните и гласовите за војни го потврдуваат тоа. Има ли христијанин чиј пулс не забрзува во очекување на величествените настани што се отвораат пред нас? Господ доаѓа. Ги слушаме чекорите на Бога што се приближува, Кој доаѓа да го казни светот за неговото беззаконие. Наша должност е да му го подготвиме патот, верно исполнувајќи ја нашата улога во подготвувањето на народ за тој голем ден.“ — *Evangelism, pp. 218, 219.*

„Сите способности кои ни ги доверил Бог - било телесни, било умни, било духовни - треба да бидат развивани за да се употребат за извршување на делото во корист на нашите ближни кои пропаѓаат во незнаење.“ — *7. Сведоштво, 180.*

„Од секој член на црквата кој ја познава вистината се очекува да работи додека е ден, бидејќи доаѓа ноќ, кога никој нема да може да работи.“ — *9. Сведоштво, 26.*

**б. Опишете ја судбината на сите што ја одбиваат Божјата милост — примајќи го Неговиот гнев, како што се случи со Ниневија во Асирија. Наум 2:8–11.**

---

---

„Семожниот Бог со непогрешлива точност ги бележи делата на сите народи. Книгата останува отворена сè додека се слушаат воздишки на покајание, но кога злите дела ќе ја наврашат мерката која Бог ја одредил, почнува излевањето на Неговиот гнев. Пресметката е заклучена. Престанува божественото трпение. Нема повеќе милост за нив.“ — *Пророци и цареви, 364.*

## 5. ИСТОРИЈАТА СЕ ПОВТОРУВА

Четврток, 26. фев

**а. Како е опишан падот на Асирија — и зошто тоа е особено значајно денес? Наум 3:7,12,13,18,19.**

„Голема била славата на асирското царство, и голем бил неговиот пад.“ — *Пророци и цареви, 365.*

„Гордоста на Асирија и нејзиниот пад треба да послужат како поука до крајот на векот. Бог и денес ги прашува народите на земјата, кои дрско и возгордеано стануваат против Него: ‘На кого од едемските дрва, личиш со својата сила, со славата и со величината? сепак со нив ќе бидеш оборен во најдолниот крај на земјата.’“ — *Пророци и цареви, 366*.

**б. На кој начин наскоро ќе се повтори слична сцена? Откровение 18:7–11, 15–18.**

„Кога Божјиот глас ќе го ослободи Неговиот народ од ропство, тогаш доаѓа до страшно будење кај оние што загубиле сѐ во големата борба на животот. Додека траело времето на милоста, тие биле заслепени од измамите на сатаната, оправдувајќи го својот живот во грев. Богатите се гордееле со својата супериорност над оние на коишто животот помалку им бил наклонет; но тие своето богатство го стекнале со кршење на Божјиот закон. Тие занемариле да ги нахранат гладните, да ги облечат голите, да постапуваат праведно и да го љубат милосрдиета. Постојано настојувале да се воздигнат себе си и да добијат посебна почит од страна на своите ближни. Сега се лишени од сѐ што ги правело големи и стојат бедни и немоќни. Со страв гледаат како се уништуваат нивните идоли што им биле поважни отколку нивниот Творец.“ — *Големата борба, 653.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 27. фев

1. **Според Михеј 6:8, кои три едноставни нешта се бараат од нас?**
2. **Зошто има надеж дури и за најтешкиот грешник?**
3. **Зошто понизноста е неопходна доблест што Бог ја цени — особено денес?**
4. **Бидејќи многумина денес се на пат да ја доживеат судбината на Ниневија, што треба да ни биде приоритет?**
5. **Во кој поглед падот на Вавилон е поврзан со занемарувањето на советот од Михеј 6:8?**

# Дар во првата сабота

Сабота, 7 март 2026




## За централата во полето Марањао–Пијауи (AMAPI), Бразил

Во североисточниот дел на Бразил, државите Марањао и Пијауи заедно претставуваат дом за околу 10,4 милиони жители и се простираат на територија од приближно 581.406 km². Климатските услови тука се движат од екваторијални, преку тропски, па сè до полусушни клима, а вегетацијата е разновидна: автохтони палми, мангрови, амазонска шума, серадо и каатинга.

Првата црква на Реформното движење во овој регион беше основана во 1960 година во градот Бакабал, Марањао. Со порастот на бројот на верници и со основањето нови цркви во овие држави, во 2016 година беше организирано Полето Марањао–Пјауи (AMAPI) со околу 530 членови.

Како Поле, потребно е да изградиме административни канцеларии, простории за сместување и сала. За да ја довршиме новата централа, сметаме на великодушноста и дарежливоста на нашите драги браќа и сестри од целиот свет.

„Бог не зависи од луѓето за напредување на Неговото дело. Тој можел да ги направи ангелите амбасадори на Неговата вистина. Можел да ја објави Својата волја како што го прогласи законот од Синај со Својот сопствен глас. Но, за да во нас го развие духот на милосрдие, Тој решил да го довери Своето дело на луѓето. Секој чин на самооткажување за доброто на другите ќе го зајакне духот на милосрдие во срцето на дарителот, поврзувајќи го уште поблиску со Искупителот на светот, Кој ‘иако богат, осиромаши заради вас, да се збогатите и вие преку Неговата сиромаштија.’ Само кога ќе ја исполниме божествената цел на нашето создавање, животот може да стане благослов за нас. Сите добри дарови што Бог му ги дава на човекот ќе станат проклетство доколку тој не ги употреби за благослов на своите ближни и за напредување на Божјото дело на оваа земја.“ – *The Review and Herald, 7 декември 1886*.

Кога овој апел ќе стигне до вас, ве молиме да се сетите на благословите што се излеваат врз верниот управител и љубезно да соработувате со нас во овој проект — кој, со Божја помош, ќе биде од голема важност за растот и напредокот на делото во ова Поле. „Бог го љуби оној што од срце дава“ (2. Коринтјаните 9:7).

*Вашите браќа и сестри од полето Марањао–Пијауи*

# Почит кон Сезнајниот

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „А Господ е во Својот свет храм: нека замолкне целата земја пред лицето Негово“ (Авакум 2:20).

**Предлагаме да прочитате:** *5. Сведоштво. 491–500.*

„Чиста вистина е дека речиси целосно згасна стравопочитувањето кон Божјиот дом... Ние имаме многу причини да бидеме во службата на Бога да изразуваме дух на сесрдна побожност. Ние имаме причини да бидеме уште повнимателни и да негуваме уште поголемо стравопочитување кон нашите богослуженија од Евреите.“ — *5. Сведоштво, 495.*

## 1.ГОЛЕМОТО ПРАШАЊЕ — Недела, 1. март

**а. Што изразил пророкот Авакум во воведната молитва до Бога? Авакум 1:1–4.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Од човечка гледна точка, изгледало речиси неможно божествените цели во поглед на избраниот народ да се исполнат. Со текот на годините отпадништвото од минатите векови сè повеќе зајакнувало. Десетте племиња биле расеани помеѓу незнабошците. Останале само Јудиното и Венијаминовото племе, а и тие сега се наоѓале на работ на национална и морална пропаст. Пророците почнале да прорекуваат потполно уништување на нивниот прекрасен град во кој се наоѓал храмот кој го подигнал Соломон и каде што биле сосредоточени сите нивни земски надежи во поглед на националната големина. Дали е можно Бог да отстапил од Своите намери да им донесе ослободување на оние кои што се надеваат на Него? Соочени со долготрајното прогонување на праведници и привидниот напредок на безбожниците, дали оние што останале верни можат да се надеваат на подобри денови?

Пророкот Авакум загрижено поставувал вакви прашања.“ — *Пророци и цареви, 384,385.*

**б. Како одговорил Господ? Авакум 1:6–11.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**а. Зошто Авакум бил подготвен да го прифати Божјиот план? Авакум 1:12, 13.**

___

___

„Бог ја услишил молитвата на Своите верни деца. Тој преку Своите избрани претставници ја открил Својата намера да го казни народот кој се одвоил од Него за да им служи на незнабожечки богови. Уште за време на животот на оние кои се прашувале во тоа време каква ќе биде иднината, Тој чудесно раководел со развојот на настаните кај водечките нации на земјата подигајќи ги Вавилонците. Било одредено тој халдејски народ ‘жесток и страшен’, одненадеж да ја нападне Јудината земја како Божји камшик.“ — *Пророци и цареви, 385.*

**б. Која поука што му била дадена на пророкот била особено применлива во искуството на раните адвентни пионери? Авакум 2:1–4.**

___

___

„Кога помина времето во кое првпат се очекуваше Христовото доаѓање - пролетта 1844. година, оние кои со вера го очекуваа Неговото доаѓање, извесно време живееја со сомневање во срцето и во неизвесност. Додека светот нив ги гледаше како поразени и разочарани луѓе и им докажуваше дека сето тоа било заблуда, извор на нивна утеха сè уште беше Светото Писмо. Мнозина продолжија да го истражуваат Писмото. Повторно ги испитуваа доказите за својата вера и внимателно ги проучуваа пророштвата за да дојдат до поголема светлина.

Во пророштвата што упатуваа на скорешното Христово доаѓање се наоѓаа и поуки кои одговараа токму на нивната состојба на неизвесност и очекување и ги храбреа стрпливо да истраат, верувајќи дека она што сега им се чинеше темно, во одредено време ќе им стане јасно.

Меѓу овие пророштва беше и она од Авакум 2:1-4...

Упатството во пророштвото: ‘Запиши го видението и одбележи го на плочи јасно, та оној, што чита, да може да го прочита’, го поттикна Карл Фич уште во 1842. година да направи пророчка карта и сликовито да ги изнесе виденијата на пророкот Даниел и на Откровението. Објавувањето на оваа карта се сметаше како исполнување на заповедта дадена преку пророкот Авакум. Меѓутоа, тогаш никој не забележа дека во ова пророштво е спомнато некое одложување при исполнувањето на ова видение, некое време на очекување.“ — *Големата борба, 391,392.*

**а. На кој начин Авакум 2:4 ги зајакнувал верниците во секоја генерација? Римјаните 1:16–17.**

„Верата која го крепела Авакум и сите свети и праведни луѓе во тие денови на големи искушенија, е онаа иста која денес го крепи Божјиот народ. И во најмрачни часови и под најтешки околности вистинските христијани треба да ја напојуваат душата на изворот на сета светлина и сила. Неговата надеж и храброст секојдневно ќе се обновуваат преку верата во Бога. „Праведникот ќе живее преку својата вера”. Во Божјата служба луѓето не треба да очајуваат, да се колебаат и да стравуваат...

Ние мораме во себеси да негуваме и да развиваме вера за која пророците и апостолите сведочеле верата која се надева на Божјите ветувања и чека на избавување во време и на начин кој што Тој го определил.“ — *Пророци и цареви, 386,387.*

**б. Кога сме во искушение да се сомневаме или да подлегнеме на самоуверени претпоставки, што треба секогаш да имаме на ум? Плачот на Еремија 3:25–26; Авакум 2:20**

---

„Можеби времето на чекање ќе изгледа долго, можеби обесхрабрувачки околности некогаш ќе ја потиснат душата, можеби по патот многумина во кои што сме имале доверба ќе паднат; меѓутоа со пророкот кој што сакал да ја охрабри Јудеја во времето на најголемото отпадништво, мораме доверливо да објавиме: ‘Господ е во Својот свет храм: сета земја нека замолчи пред Него’ (Авакум 2:20).“ — Пророци и цареви, 387.

„Вистинската стравопочит кон Бога произлегува од сознанието за Неговата неограничена големина и од свеста за Неговото присуство.“ — *Воспитување, 242*.

„’Свето е и страшно Неговото име!’ (Псалм 111:9). Додека го изговараат, ангелите ги покриваат своите лица. Со какво стравопочитување ние, паднати и грешни, би требале да го изговараме со нашите усни!

Треба да покажеме стравопочит и кон Божјата Реч. Треба да го почитуваме и печатениот текст, ни когаш не смееме да го употребуваме во обични цели ниту со нив да постапуваме немарно.“ — *Совети за детето, 538.*

„Родители внимавајте, каков пример и какви поими им давате на своите деца. Нивниот дух е многу подложен на влијанието и лесно го прима. Ако говорникот при богослужението направи грешка, немојте да ја споменувате. Зборувајте само за неговите добри постапки и за добрите мисли кои ви ги изнел и кои треба да ги вреднувате како нешто што доаѓа преку Божјиот посредник. Многу е лесно да се види зошто работата на проповедникот има толку малку дејство на децата и зошто тие имаат така малку стравопочитуивање кон домот Божји. Нивното воспитување во тој поглед е неисправно.“ — *Совети за детето, 545*.

**а. Која усрдна молитва на Авакум треба да ја повторуваме и денес? Авакум 3:2..**

---

„И денеска е потребно едно такво оживување на вистинската вера во срцето какво што искусиле старите Израелци. Каењето е прв чекор што мора да го сторат сите кои сакаат да се вратат кај Бога. Тоа дело никој не може да го стори за друг, туку секој за себе. Секој од нас мора сам своето срце да го понизи пред Бога и да ги отфрли идолите. Кога ќе сториме сè што можеме, тогаш Господ ќе ни го покаже своето спасение.“ — *Патријарси и пророци, 590*.

**б. Дури и кога се соочуваме со сериозни тешкотии и проблеми, што треба постојано да ја одликува нашата вера — и зошто? Авакум 3:17–19; Филипјаните 2:14–15?**

---

---

„Нека оној што е притиснат и тешко искушуван каже: ‘И ако ме убие, пак ќе се надевам на Него.’“ — *Counsels to Parents, Teachers, and Students, p. 317.*

„Христовата крв ги штитела грешниците да не ја примат целосната мерка за својата вина. Но во конечната пресуда, Божјиот гнев ќе се излее непомешан со милост...

Божјиот народ нема да биде поштеден од страдања. Но, иако ќе биде прогонуван и угнетуван, иако ќе поднесува немаштија и ќе страда од недостиг на храна, сепак, нема да биде оставен да загине. Бог, кој се грижел за Илија, нема да заобиколи ниту едно од Своите пожртвувани деца. Оној кој ја избројал косата на нивната глава, ќе се грижи за нив, и за време на гладот нема да чувствуваат недостиг. Додека грешните ќе умираат од глад и од чума, ангелите ќе ги штитат праведните и ќе ги задоволуваат сите нивни потреби.“ — *Големата борба, 629.*

**в. Кој друг пророк бил подигнат во истиот тој период за да донесе пораки што се важни и за нашето време? Софонија 1:1.**

---

„Авакум не бил единствениот преку кого е дадена веста за блескавата надеж и идната победа, како и веста за сегашната казна. За време на Јосиевото владеење, на Софонија му дошла Господова реч која јасно говорела за последиците на непрекинатото отпадништво и го обрнувала вниманието на верната заедница за прекрасните изгледи во вечноста. Неговите пророштва за казната која ќе ја снајде Јуда исто така се однесува на казната која ќе се излее на непокорниот свет во времето на второто Христово доаѓање.“ — *Пророци и цареви, 389..*

## 5.ТРАГИЧНА, СУПТИЛНА ЗАМКА — Четврток, 5 март

**а. Која отрезнувачка порака ја открива реалноста на Божјиот гнев против лажното богослужение и против оние што го промовираат? Софонија 1:2–6.**

---

---

**б. Иако некој може лесно да тврди дека е Божји следбеник, кои ставови откриваат дека во неговото срце се крие сериозна побуна? Софонија 1:12–13; Матеј 24:48–51.**

---

---

„Луѓето на кои Бог им ја доверил светата и свечена тестирачка вистина за ова време спијат на стражата. Тие преку своите дела велат: Ние ја имаме вистината; тие велат 'богат сум и се збогатив, и ништо не ми треба'. Но верниот Сведок објавува: 'не знаеш дека си беден и мизерен, сиромав, слеп и гол' (Откровение 3:17).

Колку вистинито овие зборови ја прикажуваат сегашната состојба во црквата: 'а не знаеш дека си беден и мизерен, сиромав, слеп и гол'. Светиот Дух дава опомени кои ги пренесуваат Божјите слуги. На оние кои се во заблуда им се изнесуваат недостатоците во карактерот, но тие велат: 'Ова не се однесува на мене. Не ја прифаќам твојата вест. Работам најдобро што можам. Верувам во вистината'.

Лошиот слуга, кој во своето срце вели: 'Господарот мој уште за долго време нема да дојде' (Матеј 24:48), тврди дека го чека Христа. Тој е 'слуга' кој надворешно му служи на Бога, додека срцето му го предал на сатаната. Тој не ја негира вистината отворено како оној што се потсмева, туку со својот живот ги открива чувствата на своето срце - дека доаѓањето на Господа доцни. Вообразеноста го наведува да заземе безгрижен став кон вечниот живот. Тој ги прифаќа начелата на овој свет и се прилагодува на неговитеКај него преовладуваат себичност, земна гордост и амбиции. Плашејќи се дека неговите браќа се повозвишени од него, тој почнува да ги потценува нивните напори и да ги напаѓа нивните мотиви. На тој начин им нанесува штета на своите браќа." — *5. Сведоштво, 101.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА — Петок, 6. март

1. **Ако сум збунет од Божјите постапки, што треба да научам од молитвите на Авакум?**
2. **Кого го познавам што би ја ценел една пророчка временска карта?**
3. **Кои аспекти од моето однесување во домот Божји треба да ги подобрам?**
4. **Зошто е важно да се воздржам од роптање и приговарање?**
5. **Кога ќе бидам укорен, зошто е неопходно да се посветим на искрено и длабоко преиспитување на срцето?**

# Ревносни во прославувањето на Бога

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Така вели Господ Саваот: ‘Преиспитајте ги своите патишта’“ (Агеј 1:7).

**Предлагаме да прочитате:** *9. Сведоштво, 92-96.*

„Настојувај без одложување и во потполност да го преиспиташ своето срце и секој ден да умираш за себичноста и за сопственото ‘јас’“ — *3. Сведоштво, 336*.

## 1. ДВЕ КЛАСИ

Недела, 8 март

**а. Опишете го сложената сцена што ќе се случи во блиска иднина. Софонија 1:14–18.**

„Оние кои во Божји страв се заложуваат црквата да се ослободи од ваквите пречки и препреки, исправајќи ги тешките застранувања и наведувајќи го народот да се гади од гревот, за да може да напредува во чистотата и да се слави Божјото име, секогаш ќе наидуваат на отпор на непосветените. Вистинската состојба на ваквите и страшните казни кои ќе ги снајдат поради тоа, пророкот Софонија вака ги опишува.“ *—3. Сведоштво, 270.*

„’Близу е Господовиот ден, голем! Близу е и доаѓа брзо! Горчлив е гласот на Господовиот ден: тогаш и јунакот ќе заплаче. Тој ден е ден на гнев! Ден на тешкотии и неволји! Ден на ужас и запустување! Ден на мрак и наоблаченост! Ден на темнина и маглишта! Ден на трубење и на бојна викотница против утврдените градови и високите стражарници. Ќе им ги препуштам луѓето на неволјите и ќе одат како слепци, зашто згрешија против Господа, нивната крв ќе се разлее како прав, нивните трупови ќе бидат фрлени како смет. Ни нивното сребро ни нивното злато не ќе ги спаси. Во денот на Господовиот гнев, огнот на Неговата ревност ќе ја изгори сета земја. Зашто тој ќе ги уништи, и тоа наскоро, сите жители на земјата’ (Софонија 1:2,3,8-18)...

Цела низа на настани, кои ќе следуваат еден по друг, ќе покажат дека Господ е господар на ситуацијата. Вистината ќе се проповеда со јасни зборови, потврдени со очигледни докази. Како народ, под водство и влијание на Светиот Дух, мораме да го подготвиме патот за Господа. Мораме да го проповедаме евангелието во Неговата чистота. Реката на жива вода е длабока и што подалеку тече, станува сè поширока. Во сите земји, близу и далеку, луѓето ќе бидат повикувани од плугот и разни други деловни и трговски занимања, кои толку многу го обземаат човечкиот дух - за да бидат поучувани од оние кои имаат искуство во духовниот живот. Штом ќе се упатат на делотворна работа, тие со сила ќе ја објавуваат вистината. Со чудесното делување на божественото провидение, ќе се подигнат цели планини од пречки и препреки и ќе се фрлат во море. Пораката која е толку важна за жителите на оваа земја, ќе биде објавена така што сите да можат да ја разберат. Делото ќе се развива сè повеќе, додека не бидат опоменати жителите на целата Земја; и тогаш ќе дојде крајот.“ — *9. Сведоштво, 96.*

**а. Кој е клучот за Божјата заштита во претстојната криза? Софонија 2:1–3, 15; 2. Коринтјаните 7:1.**

„Бог бара од припадниците на Својот народ да се очистат од секоја нечистотија на телото и духот, усовршувајќи светост во Божји страв. Сите оние што се рамнодушни и не вложуваат никакви напори, очекувајќи Бог да го направи за нив она што Тој бара тие самите да го сторат, ќе се најдат како неверни, додека кротките на земјата, кои го творат сето она што Тој го заповедал ќе бидат заштитени во денот на Господовиот гнев.“ — *1. Сведоштво, 618.*

„Во Господовиот ден, непосредно пред Христовото доаѓање, Бог во Својот гнев ќе испрати молњи од небото што ќе се соединат со огнот на земјата. Планините ќе горат како печка и ќе излеваат страшни реки од лава, уништувајќи градини и полиња, села и градови. Кога во реките ќе се излеваат стопена руда, карпи и разжештена кал, тие ќе вријат како казан, исфрлајќи огромни карпи и распрскувајќи ги нивните распарчени делови по земјата со неискажлива сила. Цели реки ќе пресушат. Земјата ќе се тресе и ќе има ужасни ерупции и земјотреси на сите страни. Бог ќе ги погоди со казни нечестивите жители на земјата сè додека не бидат целосно уништени од неа. А светите ќе бидат зачувани среде овие стравотни потреси, како што Ное беше зачуван во ковчегот за време на потопот.“ — *Spiritual Gifts, vol. 3, pp. 82, 83*.

**б. Наспроти оние што само површно ја исповедаат верата, што ќе ги одликува Божјите верни? Софонија 3:1–4, 12–13.**

**в. Како Софонија ја открива големата надеж и мисијата што Бог ќе ја изврши во полза на Неговиот верен народ во сите делови на светот? Софонија 3:14–16.**

„Цело небо се грижи не само за земјите кои се близу и на кои им е потребна нашата помош, туку и за далечните земји. Небесните суштества набљудуваат и очекуваат луѓето да бидат длабоко трогнати од потребите на своите соработници (колеги) кои се во неволја, потешкотија, грижа и тага." —*6. Сведоштво, 459.*

**а. Кои описи ја откриваат длабочината на Божјата љубов кон Неговите деца — и како и ние треба да ја одразуваме таа љубов? Софонија 3:17; 2. Коринтјаните 1:3–4.**

„’Тој ќе те „воведе во куќата за гозба, и знамето негово над мене беше љубов’ (Песна над песните 2:4). ‘Ако одиш по патиштата Мои’, вели Господ, ‘ќе владееш со Мојот дом и ќе ги вардиш дворовите Мои. И Јас ќе ти дозволам да одиш меѓу тие луѓе што стојат овде’, меѓу светите ангелите што го опкружуваат Неговиот престол (Захарија 3:7)...

И земјата и небото ќе се обединат во радоста на Отецот излеана во песната: ‘Зашто овој мој син мртов беше и оживе, изгубен беше и се најде’“ —*Христовите поуки, 206,207.*

„На Божјите ангели, илјадници илјади и десетици илјади по десет илјади им е ставено во должност да им служат на оние кои ќе бидат наследници на спасението. Тие нè чуваат од злото и ги одбиваат силите на темнината кои ја сакаат нашата пропаст. Зар немаме причини да бидеме благодарни во секој момент, благодарни дури и тогаш кога на нашиот пат ќе се појават привидни тешкотии?

Господ е наш Помошник. ‘Пеј, о ќерко Сионска, ликувај Израеле, весели се и радувај се од сè срце, ќерко ерусалимска!’ ‘Господ, твојот Бог, е среде тебе. Тој е силен да те спаси; ќе се развесели за тебе со радост, ќе те обнови според љубовта Своја, ќе се гордее со тебе со песни, како на празничен ден’ (Софонија 3:14, 17). Тоа е сведоштвото кое Бог сака да го пренесеме на овој свет. Славењето на Бога треба постојано да биде во нашите срца и на нашите усни.

Таквото сведоштво ќе има влијание и на другите. Кога се трудиме да ги одвратиме луѓето од нивните себични напори да си обезбедат себеси среќа, мораме да им покажеме нешто подобро од она за што тие копнеат." —*6. Сведоштво, 63,64.*

**б. Опишете ја понатамошната нежна Божја грижа за Неговите деца кои се прогонувани затоа што одбиваат да го прекршат Неговиот закон на слободата. Софонија 3:18–20; Езекиел 9:3–4.**

---

„Обратете посебно внимание на следново: Оние кои го примаат печатот на вистината, втиснат во нив со силата на Светиот Дух - што овде се прикажува со симболот на човек облечен во бело платно - се оние кои „плачат и воздивнуваат поради сите гадости кои се прават” во црквата. Нивната љубов кон чистотата, честа и славата на Божјото име е толку возвишена и тие имаат толку јасна претстава за тежината и одвратноста на гревот, така што се прикажани како да се наоѓаат на смртни маки, плачејќи и воздивнувајќи поради гревот." — *3. Сведоштво, 267*.

**а. Што се случувало во времето кога Агеј бил повикан за пророк — и што треба да научиме од таа ситуација? Агеј 1:1–4.**

„Изразот ‘овој народ вели’ е многу значаен. Во часот кога им беше дадена можност, Израелците не се покажаа подготвени. Од оние што Господ ги избира и води се очекува послушност без одлагање. Молбите за одложување се навреда за Бога. А сепак, оние што избираат да одат по својот пат често смислуваат многу вешти изговори за да се оправдаат. Така Израелците тврдеа дека ја започнале обновата на храмот, но дека биле спречени во работата поради пречките што ги создале нивните непријатели. Тие пречки, според нивното резонирање, биле доказ дека уште не дошло вистинското време за градба. Тврдеа дека Господ допуштил тешкотии за да ја укори нивната наводна брзоплетост. Затоа Господ, говорејќи за нив преку Својот пророк, не ги нарекува ‘Мојот народ’, туку ‘овој народ’.“

„За напуштањето на работата на храмот Израелците немаа вистински изговор. Времето кога се изнесуваа најсериозни приговори беше токму времето кога требаше најусрдно да продолжат со градењето. Но ги водеше себичен страв да не се соочат со опасноста што ќе ја разбуди непријателското противење. Не ја поседуваа верата што е суштина на она на што се надеваме и доказ за она што не го гледаме. Затоа што не можеа да го видат крајот од почетокот, се двоумеа да чекорат напред со вера во провидението што Бог го отвораше. И штом се појавија тешкотиите — лесно ја напуштија работата." *—The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 4, p. 1175.*

**б. Кој повик им се упатува на оние на кои световните работи им го одвлекуваат вниманието? Агеј 1:5–10.**

---

„Впечатлив приказ за последиците на себичното задржување токму на оние доброволни дарови за Божјото дело, јасно бил даден во деновите на пророк Агеј... Евреите решиле да го обноват Господовиот дом; но наидувајќи на решителен отпор од страна на своите непријатели, ја прекинале работата." *—Патријарси и пророци, 527.*

**в. На кој начин остатокот ја постигна победата — и во срцето и во постапките? Агеј 1:12–13.**

„Остатокот веќе не се осмелуваше да ја занемари повторно дадената опомена дека нивната благосостојба и Божјиот благослов зависат од нивната целосна послушност на упатствата што им беа дадени. Штом решија дека ќе постапуваат според Господовото слово, Неговите пораки на укор се претворија во зборови на охрабрување. О, колку милостив Бог имаме!“ *– The SDA Bible Commentary [E.G.White Comments], vol. 4, p. 1176.*

## 5. СЛАВЕН НА ПОИНАКОВ НАЧИН

Четврток, 12. март

**а. Објаснете го Божјиот план за вториот храм што требало да се изгради. Агеј 2:6–9.**

„По уништувањето на храмот од страна на Навуходоносор, тој бил повторно изграден околу петстотини години пред Христовото раѓање од страна на луѓе кои по седумдесетгодишното ропство се вратиле во пустата и ненаселена земја. Меѓу нив имало и старци кои ја виделе славата на Соломоновиот храм, а при поставувањето на темелите на новиот храм плачеле затоа што вториот храм бил толку поскромен од претходниот. Чувството што тогаш преовладувало пророкот го опишува со убедливите зборови: 'Кој од вас што останавте, го видел овој храм во неговата поранешна слава, а како вие сега го гледате овој? Не е ли овој како ништо во вашите очи?' (Агеј 2:3); (Ездра 3:12). Потоа било дадено ветувањето дека славата на овој храм ќе биде поголема од онаа на претходниот.

Меѓутоа, вториот храм по величественоста навистина не можел да се изедначи со првиот, ниту, пак, бил посветен со видливи знаци на Божјото присуство како првиот храм. Неговото осветување не било пратено од никаква манифестација на натприродна сила. Новоизградeното светилиште не било исполнето со облак на слава. Од небото не се појавил оган за да ја запали жртвата на нејзиниот олтар. Божјата слава (Шекината) не била присутна меѓу херувимите во светињата над светињите; ковчегот на заветот, престолот на милоста и плочите на сведоштвото не се наоѓале повеќе во него. Од небото не се слушнал никаков глас на прашањето на свештеникот кој требало да ја објави волјата на Јехова. Со векови Евреите напразно настојувале да покажат дека Божјото ветување дадено преку пророкот Агеј се исполнило; сепак, гордоста и неверството го замрачиле нивниот ум така што не можеле да го разберат вистинското значење на зборовите на пророкот. Вториот храм не бил почествуван со облакот на Јеховината слава, туку со живото присуство на Оној во кого живеела сета полнина на Божеството - кој сам бил Бог откриен во тело. Оној кој истиот пророк го нарекува „Копнеж на сите народи" навистина дошол во Својот храм кога Исус од Назарет поучувал и лекувал во неговите свети предворја. Благодарение на Христовото присуство, вториот храм навистина ја надминал славата на првиот.“ — *Големата борба, 23,24.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 13. март

**1. Во кризата што наскоро доаѓа, како можам да бидам сила за добро во Божјите раце?**
**2. Зошто кроткоста е неопходна особина што треба да ја посакуваме во овие последни денови?**
**3. Што ги одликува сите оние што ќе бидат сокриени во денот на Божјиот гнев?**
**4. Што обично ме наведува да ги занемарам најважните животни приоритети?**
**5. Зошто едноставниот и поскромен храм, изграден во времето на Агеј, сепак бил толку славен?**

# Настани на последното време

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Молете Го Господа за дожд во време пролетно; Господ ќе светне со молскавица и ќе ви даде обилен дожд - зеленило во поле“ (Захарија 10:1).

**Предлагаме да прочитате:** *Пророци и цареви, 580–592; Testimonies to Ministers, pp. 506–512; Делата на апостолите, 47–56.*

„Додека истрајно Го бараме Бога за излевање на Светиот Дух, така Тој ќе развива во нас кроткост, понизност на умот и свесна зависност од Бога за доцниот дожд што го довршува делото. Ако со искрена вера го молиме за овој драгоцен благослов, ќе го примиме — зашто Бог го ветил.“ — *Testimonies to Ministers, p. 509.*

## 1. ЗЕНИЦА НА НЕГОВОТО ОКО

Недела, 15. март

**а. На кој начин Захарија ја поддржа пораката на Агеј? Захарија 1:1–4, 15–16.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Срдечните повици и храбрења упатени преку Агеј, во уште поголема мерка биле изнесени преку Захарија, кого Бог го подигнал да го поттикне Израел да ја изврши заповедта за градењето. Првата Захариева вест била потврда дека Божјата реч никогаш не изневерува, како и ветувањето за благословите за оние кои што ќе ја примат верната пророчка реч.“ — *Пророци и цареви, 576.*

**б. Што открива дека Бог будно и нежно се грижи за Својот народ? Захарија 2:1–5, 8.**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

„Бог наредил Ерусалим повторо да се изгради; и ова видение за мерењето на градот било потврда дека Тој ќе го утеши и ќе го поткрепи Својот напатен народ и ќе ги исполни ветувањата на својот вечен завет. Тој им рекол дека ќе им биде „ѕид огнен наоколу”, и дека преку нив Неговата слава ќе им се открие на сите синови човечки. Така целата земја ќе сознае што направил Тој за Својот народ.“ — *Пророци и цареви, 581*

**а. Иако имаме недостатоци, која е нашата единствена надеж? Захарија 3:1–4.**

---

„Во симболичното пророштво на Захарија сатаната е прикажан како стои од десната страна на ангелот Господов и го обвинува Првосвештеникот Исус облечен во нечиста облека, попречувајќи го на тој начин делото кое ангелот сакал да го стори за него. Ова е приказ на однесувањето на сатаната кон секоја душа која Исус сака да ја привлече кон Себе.“ — *Мисли од горала, 116*.

„(Сатаната) нѐ наведува на помислата дека нашите грешки и престапи се толку сериозни што Господ нема да одговори на нашите молитви, дека нема да нѐ благослови и да нѐ спаси. Ние во себе не можеме да видиме ништо освен слабост, ништо што би нѐ препорачало на Бога, а сатаната ни вели дека сите наши настојувања се бескорисни и дека не сме во состојба да ги исправиме маните во нашиот карактер. Кога ќе се обидеме да дојдеме кај Бога, непријателот ќе шепне: Нема никаква полза да се молиш, зарем не се сеќаваш дека си го направил она зло дело? Зарем не си му згрешил на Бога и си работел против сопствената совест? Но ние со право можеме да му одговориме на непријателот: ‘Крвта на Исус Христос, Неговиот Син, нѐ очистува од секаков грев’ (1. Јованово 1:7). Кога ќе почувствуваме дека сме грешни и не можеме да се молиме, токму тоа е момент за молитва. Кога сме можеби засрамени во чувството на сопствената ништожност, сепак мораме да се молиме и да веруваме.“ — *Мисли од горала, 115.*

**б. Кој божествен принцип го открива вистинскиот извор на силата да го победиме гревот и да го исполниме Божјиот повик? Захарија 4:6; Јован 15:5.**

„Ние сме избран Божји народ и затоа не смееме да се поведуваме според навиките, целите, делата или отменоста на светот. Не сме во темнина, за да се угледуваме на светот и за да мораме да се потпираме на надворешни сили поради успех. Господ ни кажал од каде доаѓа нашата сила. „Еве ги Господовите зборови на Зоровавела: ‘Не со сила, ни со снага, туку со Мојот Дух! - вели Господ над војските’ (Захарија 4:6).“ — *7. Сведоштво, 90.*

„Без Божјиот Дух, познавањето на Неговата Реч е бескорисно. Теоријата на вистината, ако не е придружена со Светиот Дух, не може да ја оживее душата ниту да го посвети срцето. Можеби некој е запознаен со библиските заповеди и ветувања, но ако Божјиот Дух не ги всади истите во срцето, неговиот карактер нема да се преобрази. Без просветлување од Духот, луѓето нема да можат да ја разликуваат вистината од заблудата и ќе паднат под маестралните искушенија на сатаната.“ — *Христовите поуки, 408*.

„Во Големиот и неизмерен дар на Светиот Дух се содржани сите небесни ресурси... Кога сите би сакале да ја примат силата на Светиот Дух, сите би биле исполнети со неа.“ — *Христовите поуки, 419.*

**а. Наведете го најзначајниот храм што требало да се изгради и — и Кој требало да го изгради. Захарија 6:12–13, 15; Ефесјаните 2:19–22.**

---

„Апостолите Божјата црква ја изградувале врз оние темели што ги поставил Христос. Во светите списи ѕидањето на храмот често се зема како симболичен приказ за развојот на црквата. Захарија за Христа зборува како за никулец кој ќе го изгради Господовиот храм. Тој и за незнабошците зборува како за луѓе кои ќе го помагаат ова дело: „И оние што се далеку ќе дојдат и ќе ја градат црквата Господова" (Захарија 6:12,15); а Исаија кажува: 'И туѓинците ќе ги соѕидаат твоите ѕидови' (Исаија 60:10).

Пишувајќи за градењето на тој храм, Петар кажува: 'Пристапувајќи му нему (на Христа) како на жив камен, кого луѓето го отфрлија, но кој е од Бога избран и скапоцен, и вие самите, како живи камења, изградувајте се како духовен дом, за свето свештенство, за да се принесуваат духовни жртви, прифатливи за Бога преку Исуса Христа' (1. Петрово 2:4,5).

Апостолите работеле во каменоломот и на еврејскиот и на незнабожечкиот свет, вадејќи од него камење кое потоа го вградувале на веќе поставениот темел." — *Делата на апостолите, 595,596.*

**б. И покрај Божјите предупредувања, што направил народот пред да биде одведен во ропство? Захарија 7:8–14.**

---

**в. И покрај сè, на кој начин Бог покажал голема милост и долготрпение, повторно и повторно нудејќи им нови можности? Захарија 8:7–8, 13–17.**

---

„Токму како од самиот почеток, Господова цел и тогаш била Неговиот народ да послужи на благослов на целиот свет во слава на Неговото име. Во текот на долгите години од нивното ропство, Тој многу пати им пружал прилики да се вратат. Некои одлучиле да послушаат; некои нашле спасение во маките. Мнозина од нив ќе се вбројат во остатокот кој што ќе се врати." — *Пророци и цареви, 599.*

„'Ќе се обрнам кон Сион и ќе живеам во Ерусалим: и Ерусалим ќе се вика град на вистината, и гората на Господа над војските света гора'. А за својот народ рекол: 'Ете... Јас ќе им бидам Бог, во вистина и во праведност' (Захарија 8:3,7,8).

Овие ветувања се дадени под услов ако Израел биде послушен. Гревовите кои што го обележувале Израел пред ропството, не смееле да бидат повторени." — *Пророци и цареви, 704.*

**а. Сега, во ова време на историјата, на што треба да биде насочен нашиот фокус — и зошто е тоа толку неопходно? Захарија 10:1–2.**

__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

„’Молете Го Господа за дожд во време пролетно.’ Не бидете задоволни со мислата дека дождот ќе падне сам по себе во вообичаениот тек на сезоната. Побарајте го. Растот и созревањето на семето не зависат од земјоделецот. Само Бог може да ја созрее жетвата. Но потребна е и човечка соработка. Божјото дело за нас бара да делуваме со умот и да ја практикуваме верата. Треба да ги бараме Неговите дарови со сето срце ако сакаме дождовите на благодатта да се излеат врз нас. Треба да ја искористиме секоја можност за да се ставиме во текот на благословот. Христос рече: ‘Каде што се двајца или тројца собрани во Мое име, таму сум и Јас меѓу нив.’ Собирите на црквата, како камп-средбите, состаноците на локалната црква и секоја прилика каде што се вложува личен труд за душите, се од Бога определени моменти за давање на раниот и доцниот дожд.

Но никој да не мисли дека со само присуство на тие собири ја исполнил својата должност. Самото присуствување на сите средби нема само по себе да донесе благослов на душата. Не е непроменлив закон дека сите што присуствуваат на општи или локални состаноци ќе примат изобилни дарови од небото. Околностите можат да изгледаат поволни за богато излевање на дождовите на милоста, но само Бог мора да го заповеда дождот да падне. Затоа не смееме да бидеме небрежни во нашите молитвени молби.“ — *Testimonies to Ministers, pp. 508, 509.*

**б. Опишете го восхитувачкиот призор што ќе се случи под влијание на оваа сила. Захарија 12:8.**

__________________________________________________________________________
__________________________________________________________________________

„Кога ќе се исечат бесплодните дрвја кои се испостувачи на земјата, кога лажните браќа ќе се одвојат од вистинските, тогаш ќе се појават тие што се скриени и ќе се соберат под Христовото знаме, воскликнувајќи: Осана! Луѓето кои беа срамежливи и без доверба во себе отворено ќе се изјаснат за Христа и за вистината. Тие што се најслаби и најнеодлучни во црквата ќе бидат како Давид - смели и решителни. Колку е подлабока ноќта за Божјиот народ, толку се посјајни ѕвездите. Сатаната немилосрдно ќе ги напаѓа верните, но тие во Христово име, од борбата ќе излезат како победници.“ — *5. Сведоштво, 81.*

## 5. ХРИСТОС ВО ВЕЧНОСТА

Четврток, 19. март

**а. Прераскажете еден прекрасен разговор што ќе се случи во вечноста. Захарија 13:6.**

---

„Но повторно ги обзела тага кога Исус додал: ‘Но, како би се исполниле Писмата, ако ова биде?’ (Матеј 26:54). Срцата на учениците потонале во очај и горко разочарување кога виделе дека Исус им дозволува на своите непријатели да Го одведат.“ — *Рани списи, 179*

**б. Кога и на кој начин Христос ќе се врати на Маслиновата Гора, и кои величествени настани ќе се одвиваат тогаш? Захарија 14:4–5; Откровение 20:7, 12; 21:2, 10.**

---

---

„(Еден ангел објасни:) Светиите ќе престојуваат во Светиот Град и како цареви и свештеници ќе владеат илјада години; тогаш Исус заедно со нив ќе се симне на Маслиновата Гора и таа ќе се распадне и ќе стане голема рамнина врз која потоа ќе се спушти Божјиот град.“ — *Рани списи, 179.*

„На крајот од илјадата години, Исус, Царот на славата, слегува од Светиот Град, облечен во светлина како молња, на Маслиновата Гора — истата гора од која се вознесе по Своето воскресение. Кога Неговите нозе ќе ја допрат гората, таа се разделува и станува огромна рамнина, подготвена да го прими Светиот Град во кој се наоѓа Божјиот рај, Едемската градина, која беше вознесена на небото по човековиот престап. Сега таа се спушта со градот, уште поубава и уште пославно украсена отколку кога беше отстранета од земјата. Божјиот град слегува и се сместува на моќната рамнина подготвена за него.

Потоа Исус излегува од градот, опкружен со мноштвото искупени, а на Неговиот пат Го придружуваат ангелските војски. Во стравотно величие Тој ги повикува непокајаните мртви. Тие се будеа од својот долг сон. Какво ужасно будење!“ — *Spiritual Gifts, vol. 3, p. 83*.

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 20. март

1. **Замислувајќи го „огнениот ѕид“ што Бог го ветува, кога јас лично сум ја почувствувал Неговата заштита?**
2. **Зошто можам успешно да ги одбијам сатанските напади со кои тој постојано ги истакнува моите гревови?**
3. **Што е поважно од еден физички храм за Божјото присуство да биде меѓу Неговиот народ?**
4. **Кои се неопходните услови што треба да ги исполниме за да го примиме доцниот дожд?**
5. **Кога Исус повторно ќе застане со Своите нозе на Маслиновата Гора?**

САБОТА, 28 МАРТ 2026.

13. ЛЕКЦИЈА

# Последниот повик на Малахија

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ:** „Па ќе седне Тој како пречистувач на сребро, и ќе ги очисти синовите на Левиј и ќе ги претопи како злато и како сребро, за да Му принесат жртва со правда“ (Малахија 3:3).

**Предлагаме да прочитате:** *Пророци и цареви, 702–721; 7. Сведоштво, 45-50.*

„Малахија сериозно ги предупредил престапниците на денот на судот кој ќе дојде и на Божјата намера да го казни со брзо уништување секој престапник. Но никој не бил оставен без надеж; неговите пророштва за осуда биле пропратени со повик на непокајаните да се измират со Бога.“ — *Пророци и цареви, 706.*

## 1. ЧЕСТО ЗАНЕМАРЕНИ ГРЕШКИ

Недела, 22 март

**а. За каква склоност кон себична алчност можеме да бидеме виновни? Малахија 1:8.**

„Мнозина си допуштаат непотребни трошоци, само за да ги задоволат своите желби, својот вкус и око. На делото му недостасуваат токму тие злоупотребени пари, додека некои од Божјите слуги се сиромашно облечени и недобро платени затоа што недостасуваат средства. Ангелот рече: „Нивното време да направат нешто за Божјото дело набргу ќе помине. Со своите дела тие покажуваат дека себичноста е нивен идол, и дека на олтарот на тој идол тие жртвуваат сè”. Сметајќи дека најпрво треба да се задоволат себе си и своите себични интереси, тие со своите чувства и постапки зборуваат: „Зар сум јас чувар на својот брат?” Мнозина се оние што слушаат опомена по опомена, но не го прифаќаат тоа. Да имаат свое задоволство е нивна најголема цел и сè друго мора да се подреди на тоа.“ — *1. Сведоштво, 115*.

**б. Во остра спротивност со културните практики на денешното општество, како Бог ја гледа нежната и света посветеност на брачната заедница? Малахија 2:12–16; Евреите 13:4; Матеј 19:4–6.**

________________________________________________________________________

Научете да ја зголемите среќата на другиот. Нека меѓу вас владеат взаемна љубов и природна воздржаност. Тогаш бракот, наместо да биде крај на љубовта, ќе биде нејзиниот вистински почеток.“ — *Здравје и среќа, 360.*

**а. Објаснете го пророчкото исполнување на Малахија 3:1–3; Јован 2:13–16.**

---

„Со чистењето на храмот Исус ја најавил Својата месијанска служба... Предворјата на храмот во Ерусалим, полни со метеж и несвета трговија, премногу верно го прикажувале храмот на срцето, извалкано од присуството на сетилни страсти и несвети мисли. Чистејќи го храмот од световните продавачи и купувачи, Исус ја објавил Својата мисија; чистење на срцата од нечистотијата на гревот од земните желби, од себичните барања, од лошите навики што ја расипуваат душата.“ — *Копнежот на вековите, 161*.

„Бог сака Неговите слуги да се запознаат со придвижувачкиот механизам на морал во своето срце. За да го постигне тоа, Тој дозволува често да минуваат низ оган на тешки неволи, но не да изгорат во тој оган, туку да се очистат...

Низ тој процес на чистење и облагородување, Божјиот народ не може да помине без страдања. Бог дозволува огнот на неволи во нас да го запали само плевелот, да го одвои вредното од безвредното, за да може пречистениот метал да заблеска во својот полн сјај. Тој нè води од еден оган во друг, проверувајќи ја нашата вистинска вредност. Ако не можеме да ја издржиме таа проверка, што ќе биде со нас во времето на неволја? Ако секој успех или страдање во животот ги откриваат лицемерството, горделивоста или себичноста кои се кријат во нашето срце, што ќе биде со нас кога Бог со оган ќе го испита секое човечко дело и ќе ги открие тајните на секое срце?“ — *4. Сведоштво, 85*.

**б. Наведете некои од начините на кои Божјиот народ е укорен затоа што Го заборавил Бога — и што навистина значи да се ограбува Бог? Малахија 3:5–8; Јаков 1:27; Лука 12:15; Изреки 3:9–10.**

---

„Мораме промислено да одлучиме да го славиме Бога со својот имот и не смееме да дозволиме било што да нè доведе во искушение да Му ги скратиме десетоците и даровите што Му ги должиме. Мораме да бидеме разумни, систематични (уредни) и истрајни во своето добродетелство кон луѓето и во своите изрази на благодарност кон Бога за Неговата добрина кон нас. Оваа должност е премногу света за да ја препуштиме на случајноста или да дозволиме да зависи од нашите импулси или чувства. Ние редовно треба да одвоиме нешто за Божјото дело, за да не Му го скратиме делот на кој Тој полага право. Кога крадеме од Бога, крадеме и од себеси. За да имаме повеќе земно богатство, ние се откажуваме од небесното богатство. Тоа е загуба која не смееме да си ја дозволиме себеси. Ако живееме на тој начин да можеме да примиме Божји благослов, Неговата рака ќе ни подари напредок и во нашите земни работи. Но, ако Неговата рака биде против нас, Тој може да ги уништи сите наши планови, и да ги растури побрзо отколку што ние можеме да ги собереме.“ — *5. Сведоштво, 271*.

**а. Наведете некои од благословите што произлегуваат од верното враќање на десетокот и доброволните прилози — и објаснете зошто треба да избегнуваме доцнење во тоа. Малахија 3:10–12**

---

---

„Видов дека многумина задржуваат од Божјото дело додека се живи, смирувајќи ја својата совест дека ќе бидат дарежливи на смртниот час. Тие преку животот не се осмелуваат да ја покажат својата вера и доверба во Бога со дарување. Меѓутоа, добродетелството на смртниот час не е она што Христос го бара од Своите следбеници; тоа не ја оправдува себичноста за време на животот. Тие што цврсто го држат својот имот до последен момент, својот имот го даваат на смртта, а не за Божјото дело. До загуби доаѓа секој ден. Банките пропаѓаат, а имотот се уништува на многу начини. Мнозина имаат намера да направат нешто, но тоа го одложуваат и сатаната се труди парите да не влезат во Божјата благајна. Парите се загубени пред да се вратат на Бога и сатаната триумфира заради тоа.

Ако сакате да направите нешто добро со своите пари, направете го тоа веднаш, за да не дојдат во рацете на сатаната и на тој начин да не го попречи Божјото дело. Многу пати кога Господ отвори пат на браќата да ракуваат со своите пари во корист на Неговото дело, агентите на сатаната ќе укажеа на некој потфат во кој браќата би ги дуплирале своите средства. Браќата се фаќаа на таа стапица, ги вложуваа своите пари, а честопати од тоа не добиваа ниту долар.“ — *5. Сведоштво, 154.*

**б. Кој болен, но точен запис за нас треба цврсто да решиме да биде избришан? Проповедник 12:14; Исаија 65:6–7**

---

**в. Освен што нивните имиња се запишани во Книгата на животот, што уште ги открива делата на Божјите верни деца во Божјиот запис за нив? Малахија 3:16; Псалм 56:8**

---

„’Спомен книгата’ е напишана пред Господа и во неа се забележани добрите дела на оние ‘кои се плашат од Бога и го почитуваат името Негово’ (Малахија 3:16). Нивните зборови на вера, нивните дела на љубов, сето тоа е запишано на небото. Неемија мисли на оваа книга кога кажува: „Спомни ме, Боже мој... и не бриши ги сесрдните работи мои што ги направив за домот на мојот Бог’ (Неемија 13:14). Во оваа книга за спомен е овековечено секое праведно дело. Тука точно е запишано секое победено искушение, секое надвладеано зло и секој збор на нежно сочувство. Тука се наоѓа запишано секое пожртвувано дело, секоја болка или страдање претрпени заради Христа.“ — *Големата борба, 481.*

**а. Каква радост Бог изразува кон Својот верен народ — и како можеме и ние да ја одразиме таа радост во нашиот карактер и делата? Малахија 3:17; Матеј 25:34–40.**

---

---

„Кога сте наклонети кон оние што се обесхрабрени и тажни, кога раката му дава на сиромашниот, кога ќе го облечете голиот и странецот, кога ќе направите место во својот дом и во срцето, тогаш ангелите се многу близу. Тогаш ги допирате жиците кои одѕвонуваат на небото. Секое дело на правда, сочувство и добродетелство наидува на одек на небото. Таткото од Својот престол ги набљудува оние кои ги чинат тие добри дела и ги вбројува во Своето најскапоцено богатство." — *2. Сведоштво, 25.*

**б. Како знаеме дека разликата меѓу злите и праведните наскоро ќе целосно стане очигледна? Малахија 3:18; Откровение 22:11–12.**

---

---

„'Небесата ќе ја огласат Неговата праведност, зашто Бог е судија' (Псалм 50:6). Овој свет Закон, Божјата правда, кој е објавен на Синај среде грмотевици и пламен за да биде водич во животот, сега на луѓето им се открива како мерило на суд. Раката ги отвора плочите и се гледаат прописите на Десетте заповеди, како да се напишани со пламено перо. Зборовите се толку јасни, што секој може да ги прочита. Се буди сеќавањето, од секое срце исчезнува мракот на суеверието и ересот, а десетте кратки, разбирливи, и авторитативни Божји зборови, јасно им се предочени на сите жители на земјата.

Невозможно е да се опише ужасот и очајот на оние што ги газеле светите Божји прописи. Господ им го дал Својот закон и тие можеле со него да го споредат својот карактер и да ги запознаат своите недостатоци додека имало можност за покајание и поправање. Но тие, за да стекнат наклоност на светот, ги отфрлиле Неговите прописи и ги учеле и другите да ги кршат. Тие се обиделе да го присилат Божјиот народ да ја оскверни саботата. Сега тие се осудени со оној закон кој го презреле. Со страшна јасност увидуваат дека немаат никаков изговор...

Премногу доцна ја увидуваат вистинската природа на својата лажна сабота и за песочниот темел на кого ѕидале. Сега им станува јасно дека всушност се бореле против Бога. Верските учители душите ги воделе во пропаст, додека тврделе дека ги водат до портите на рајот." — *Големата борба, 639,640.*

## 5. ПОСЛЕДНОТО ПОГЛАВЈЕ

Четврток, 26. март

**а. Опишете ја конечната судбина на престапниците. Малахија 4:1–3.**

**б. Кој завршен повик го упатува Бог преку малите пророци? Малахија 4:5–6.**

„Љубовта кон земното и себичноста ги одвојуваат луѓето од Бога. Вестите од небото се такви што предизвикуваат противење. Верните сведоци за Христа и Неговата вистина секогаш ќе го укоруваат гревот. Нивните зборови се како чекан кој ги разбива закоравените срца, како оган кој го уништува троскотот. Постои постојана потреба за одлучни вести на опомена. Бог сака да има луѓе кои се верни на својата должност. Тој праќа верни гласници во вистинско време да го вршат делото што го вршел Илија.“ — *5. Сведоштво, 254.*

„Сè додека родителите и сами не го следат со сето срце Господовиот закон, не ќе можат како Аврам да им заповедаат на своите синови, „откако ќе заминат” да се придржуваат кон неговите патишта. Во тој поглед потребно е да настане една длабока и корена реформа. Родителите мора да се реформираат, и проповедниците исто така мора да се реформираат, зашто во нивните семејства се чувствува дека го немаат Бога. Ако сакаат навистина да настане ваква промена, тие мора во своите семејства да ја внесат Божјата реч и Бога да го земат за свој советник. Децата треба да се учат дека упатствата на Божјата реч се Божји глас упатен до нив, и дека на тоа мора безусловно да му се покорат. Освен тоа децата треба стрпливо да се советуваат и неуморно да се поучуваат како треба да живеат за да му угодат на Бога. Децата на таквите родители ќе можат да им одолеат и на најпрепредените лукавства на неверниците. Нека ја прифатат Библијата како основа на својата вера и ќе имаат темел кој плимата на скептицизмот што наидува не ќе може да го поткопа.“ — *Патријарси и пророци, 143.*

„Едно добро средено христијанско домаќинство е силен доказ во прилог на вистинската христијанска вера доказ што неверниците не можат да го оспорат... Кога домовите на оние што тврдат дека се христијани би имале вистински верски карактер, тие би вршеле силно влијание на добро. Тие навистина би биле ‘светлина на светот’ (Матеј 5:14).“ — *Патријарси и пророци, 144.*

## ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА

Петок, 27. март

1. **Без разлика дали сум во брак или не, како можам јас лично да го поддржам и истакнам Божјиот план за бракот?**
2. **Како можам да ги препознаам доказите дека Божјиот процес на очистување се случува во мене?**
3. **Кои три книги на небесните записи се спомнуваат во небесниот суд?**
4. **Како можам да донесам радост на небесните суштества?**
5. **Која е најсилната  и најпотребната проповед за овие последни денови?**

## *Белешки*

# БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

## ЈАНУАРИ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Четврток | Исаија 7:14,15. | Коп. на век. 385. | Езек. 1:15-19. |
| 2. | Петок | Јован 1:1-4. | Сонцето заоѓа во 16 12 | |
| 3. | Сабота | Изреки 8:22-30. | Сонцето заоѓа во 16 13 | |
| 4. | Недела | Созд. 2:1-3. | Коп. на век. 386. | Езек. 1:20-23. |
| 5. | Понеделник | Јован 1:5-12. | Коп. на век. 387. | Езек. 1:24-28. |
| 6. | Вторник | Евреите 1:1-5. | Коп. на век. 388. | Езек. 2:1-5. |
| 7. | Среда | Ефес. 3:9,10. | Коп. на век. 389. | Езек. 2:6-10. |
| 8. | Четврток | Кол. 1:14-20. | Коп. на век. 390. | Езек. 3:2-5. |
| 9. | Петок | 1. Јов. 4:9,10. | Сонцето заоѓа во 16 19 | |
| 10. | Сабота | Јован 3:14-16. | Сонцето заоѓа во 16 20 | |
| 11. | Недела | Излез 20:8-11. | Коп. на век. 391. | Езек. 3:16-18. |
| 12. | Понеделник | 1. Јов. 5:11-15. | Коп. на век. 392. | Езек. 3:19-21. |
| 13. | Вторник | Фил. 2:4-8. | Коп. на век. 393. | Езек. 7:1-4. |
| 14. | Среда | Фил. 2:9-11. | Коп. на век. 394. | Езек. 7:5-9. |
| 15. | Четврток | Дела 4:11,12. | Коп. на век. 395. | Езек. 7:12-15. |
| 16. | Петок | Ефес. 1:3-7. | Сонцето заоѓа во 16 27 | |
| 17. | Сабота | 1. Јов. 2:1-3 | Сонцето заоѓа во 16 28 | |
| 18. | Недела | Излез 31:12-14. | Коп. на век. 396. | Езек. 7:25-27. |
| 19. | Понеделник | Матеј 1:20-23. | Коп. на век. 398. | Езек. 9:1-4. |
| 20. | Вторник | Матеј 2:1-4. | Коп. на век. 399. | Езек. 9:5-7. |
| 21. | Среда | Бр. 24:15-17. | Коп. на век. 400. | Езек. 9:8-11. |
| 22. | Четврток | Матеј 2:5,6. | Коп. на век. 401. | Езек. 10:1-5. |
| 23. | Петок | Јован 7:40-42. | Сонцето заоѓа во 16 35 | |
| 24. | Сабота | Матеј 2:7-11. | Сонцето заоѓа во 16 37 | |
| 25. | Недела | Бр. 31:15-17. | Коп. на век. 402. | Езек. 10:6-9. |
| 26. | Понеделник | Матеј. 2:12-15. | Коп. на век. 403. | Езек. 10:10-13. |
| 27. | Вторник | Матеј 2:16-18. | Коп. на век. 404. | Езек. 10:14-18. |
| 28. | Среда | Ерем. 31:15-17. | Коп. на век. 405. | Езек. 10:19-22. |
| 29. | Четврток | Матеј 2:19-23. | Коп. на век. 406. | Езек. 10:1-5. |
| 30. | Петок | Исаија 8:9,10. | Сонцето заоѓа во 16 44 | |
| 31. | Сабота | Лука 2:19-32. | Сонцето заоѓа во 16 46 | |

# ФЕВРУАРИ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Недела | Исаија 40:6-11. | Коп. на век. 408. | Езек. 14:13-16. |
| 2. | Понеделник | Матеј 3:4-9. | Коп. на век. 409. | Езек. 14:17-20. |
| 3. | Вторник | Мат. 3:10-12. | Коп. на век. 410. | Езек. 14:21-23. |
| 4. | Среда | Дела 1:4-8. | Коп. на век. 411. | Езек. 16:48-50. |
| 5. | Четврток | Матеј 3:13-17. | Коп. на век. 412. | Езек. 18:1-4. |
| 6. | Петок | Исаија 42:1-4. | Сонцето заоѓа во 16 53 | |
| 7. | Сабота | Левит 26:1,2. | Сонцето заоѓа во 16 55 | |
| 8. | Недела | Матеј 4:1-4. | Коп. на век. 413. | Езек. 18:19-23. |
| 9. | Понеделник | Второз. 8:1-3. | Коп. на век. 414. | Езек. 18:24-27. |
| 10. | Вторник | Матеј 4:5-7. | Коп. на век. 415. | Езек. 18:31,32. |
| 11. | Среда | Второз. 6:10-13. | Коп. на век. 417. | Езек. 21:30-32. |
| 12. | Четврток | Матеј 4:8-11. | Коп. на век. 418. | Езек. 28:12-15. |
| 13. | Петок | Второз. 5:12-16. | Сонцето заоѓа во 17 02 | |
| 14. | Сабота | Второз. 5:29-31. | Сонцето заоѓа во 17 04 | |
| 15. | Недела | Евреите 1:9-14. | Коп. на век. 419. | Езек. 28:16-19. |
| 16. | Понеделник | Марко 1:1-6. | Коп. на век. 420. | Езек. 33:1-5. |
| 17. | Вторник | Лука 1:1-6. | Коп. на век. 421. | Езек. 33:6-8. |
| 18. | Среда | Лука 1:8-14. | Коп. на век. 422. | Езек. 34:1-4. |
| 19. | Четврток | Лука 1:15-17. | Коп. на век. 423. | Езек. 34:5-9. |
| 20. | Петок | Лука 1:19-22. | Сонцето заоѓа во 17 11 | |
| 21. | Сабота | Нем. 13:15-17. | Сонцето заоѓа во 17 12 | |
| 22. | Недела | Лука 1:59-64. | Коп. на век. 424. | Езек. 33:14-16. |
| 23. | Понеделник | Лука 1:66-69. | Коп. на век. 425. | Езек. 33:31-33. |
| 24. | Вторник | Пс. 132:13-18. | Коп. на век. 426. | Езек. 34:1-4. |
| 25. | Среда | Лука 1:76-80. | Коп. на век. 427. | Езек. 34:5-9. |
| 26. | Четврток | Исаија 9:2. | Коп. на век. 428. | Езек. 34:10-12. |
| 27. | Петок | Исаија 6:5-8. | Сонцето заоѓа во 17 20 | |
| 28. | Сабота | Излез 35:1,2. | Сонцето заоѓа во 17 21 | |

# МАРТ - 2026.

| Дат. | Ден | Утринска молитва | Вечерна молитва | За оние кои немаат свед. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Недела | Рим. 6:12-16. | Коп. на век. 429. | Езек. 34:22-24. |
| 2. | Понеделник | Лука 2:42-46. | Коп. на век. 430. | Езек. 34:25-28. |
| 3. | Вторник | Лука 2:47-49. | Коп. на век. 431. | Езек. 34:29-31. |
| 4. | Среда | Лука 3:2-6. | Коп. на век. 432. | Езек. 36:24-27. |
| 5. | Четврток | Лука 3:7-10. | Коп. на век. 433. | Рим. 8:18-22. |
| 6. | Петок | Лука 3:11-15. | Сонцето заоѓа во 17 28 | |
| 7. | Сабота | Исаија 56:1,2. | Сонцето заоѓа во 17 29 | |
| 8. | Недела | Лука 3:16-18. | Коп. на век. 434. | Дан. 1:1-4. |
| 9. | Понеделник | Јован 1:19-23. | Коп. на век. 435. | Дан. 1:5-8. |
| 10. | Вторник | Јован 1:24-28. | Коп. на век. 436 | Дан. 1:9-13. |
| 11. | Среда | Јован 1:29-34. | Коп. на век. 437. | Дан. 1:14-17. |
| 12. | Четврток | Јован 1:35-39. | Коп. на век. 438. | Дан. 1:18-21. |
| 13. | Петок | Матеј 3:1-4. | Сонцето заоѓа во 17 36 | |
| 14. | Сабота | Исаија 56:4,5 | Сонцето заоѓа во 17 38 | |
| 15. | Недела | Матеј 3:7-12. | Коп. на век. 439. | Дан. 2:1-6. |
| 16. | Понеделник | Матеј 3:13-17. | Коп. на век. 440. | Дан. 2:7-11. |
| 17. | Вторник | Јован 1:40-44. | Коп. на век. 441. | Дан. 2:12-16. |
| 18. | Среда | Јован 1:45-51. | Коп. на век. 442. | Дан. 2:17-23. |
| 19. | Четврток | Јован 2:1-5. | Коп. на век. 443. | Дан. 2:24-28. |
| 20. | Петок | Јован 2:12-17. | Сонцето заоѓа во 17 44 | |
| 21. | Сабота | Исаија 56:6,7. | Сонцето заоѓа во 17 46 | |
| 22. | Недела | Матеј 5:1-12. | Коп. на век. 444. | Дан. 2:29-35. |
| 23. | Понеделник | Матеј 5:13-16. | Коп. на век. 445. | Дан. 2:36-38. |
| 24. | Вторник | Матеј 5:17-19. | Коп. на век. 446. | Дан. 2:39-41. |
| 25. | Среда | Матеј 5:21-24. | Коп. на век. 448. | Дан. 2:42-45. |
| 26. | Четврток | Матеј 5:33-37. | Коп. на век. 449. | Дан. 2:46-49. |
| 27. | Петок | Матеј 5:43-48. | Сонцето заоѓа во 17 52 | |
| 28. | Сабота | Ис. 58:12-14. | Сонцето заоѓа во 17 54 | |
| 29. | Недела | Матеј 6:1-4. | Коп. на век. 450. | Дан. 3:1-3. |
| 30. | Понеделник | Јаков 3:13-17. | Коп. на век. 451. | Рим. 11:33-36. |
| 31. | Вторник | Лука 2:34-38. | Коп. на век. 452. | Рим. 12:1-3. |

# Дар во првата сабота



## Сабота, 3 јануари, 2026

### За централата во Сигуатепека, Хондурас

Сега е нашата шанса да помогнеме да се направи простор за многу потребните канцеларии, сали за состаноци и училници за мисионерското училиште. (видете стр. 4).



## Сабота, 7 февруари 2026

### Оддел на Генералната конференција за добротворна дејност

Катастрофите се зголемуваат насекаде. Господ нè повикува сите да направиме што е до нас за да помогнеме во ублажувањето на болката и страдањето! (види стр. 30).



## Сабота, 7 март 2026

### За централата во полето Мараңао–Пијауи(AMAPI), Бразил

За да се развие оваа растечка област, потребни се административни канцеларии, сместување и аудиториум. Да помогнеме да се оствари тоа! (видете стр. 51).